СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од  Второто продолжение на Седумдесет и четврта седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 август 1997 година

Скопје, август 1997 година

**СЕДУМДЕСЕТ И ЧЕТВРТА (74) СЕДНИЦА II ПРОДОЛЖЕНИЕ ОДРЖАНА НА 27 АВГУСТ 1997 ГОДИНА**

1. АБДИ ФАИК 55
2. АРСОВСКИ БРАНКО 58, 60
3. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ 39. 41
4. ВЕЈСЕЛИ АБДИЛАДИ 77, 81
5 .ИБРАИМИ САЛИ 17, 22
6. КАДРИУ ЗЕЌИР 62, 67, 74
7. ЛАЗАРОВ ЈОВАН 84
б. ЛАЗАРЕВСКИ МИРКО 35, 38
9. МУРАТИ ЏЕЛАДИН 23
10. ПЕТКОВСКИ ТИТО 1
11.ПРУСИ АБДУРАУФ 7
12. ПУРДЕ НАЏИ 29, 34
13. РАМАДАНИ ИСМЕТ 2, 2а, 3, 5, 6
14. РАМАДАНИ ХИСЕН 45, 48, 54
15. СУЛЕЈМАНИ РИЗВАН 88, 89
16. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН 38
17. ЧОКРЕВСКИ ТОМИСЛАВ 2а
18. ШАЌИРИ ХИСНИ11,14

Т.20-стр.1; ИНФОРМАЦИЈА ЗА АКТУЕЛНИТЕ СОСТОЈБИ ВО ОПШТИНИТЕ ГОСТИВАР И ТЕТОВО

<u>с е д н и ц а т а   п р о д о л ж у в а</u>

## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Второто продолжение на Седумдесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 август 1997 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието, сала I со почеток во 12,45 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по 74-та седница на собранието на Република Македонија.

Пратениците Ванчо Чифлиганец, Марјна Начеваки, ДрагАн Митевски и Рами Туда ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Стасавме до точка 20, онака по редоследот како што ви е содржано во Решението.

Минуваме на точка 20.

Информација за актуелните состојби во општините Гостивар и Тетово.

Информацијата ви е поделена.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави г-дин Хисмет Рамадани.

**ХИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, Пратеничката група на партијата за демократски просперитет, расправајќи за Информацијата дојде до еден свој заклучок дека во сите извештаи во сите тие декларации, во сите тие изјави и коментари кои ги слушнавме, пред да се достави една информација во Собранието на РМ, се чувствува потреба и ние и во овој случај со оглед на значајот на точката, а и информациите кои ни се потреби и во тек, ние како Собрание, односно како пратеници да ни се овозможи во некоја форма на видеокасета во другата сала н а Собранието, тоа би значело дека би било некако исто како што еднаш имавме видеокасета од Министерството за култура и навистина тоа можеби беше прв пат во Собранието практикувано, но од тоа добивме една доста јасна слика за состојбите на културата. Но, во овој случај, иако ние секвентно и на еден начин имавме прилика да видиме односно да гледаме секвенции од тие настани, филмувани се разбира, мислам дека добро е да ни се овозможи да ја гледаме касетата, односно се што е филмувано, снимено во настаните во Гостивар и после тоа да се отвори расправа во врска со Информацијата на министерството за внатрешни работи.

Мислам дека предлогот ќе се прифати, а оваа е уште една дополнителна информација за сите пратеници, па верувам дека и при расправата ќе бидеме многу поконструктивни за да се донесат одредени заклучоци во врска со настаните во Гостивар и Тетово, односно во врска со Информацијата која ви е доставена.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Рамадани, ве молам чија касета да се гледа?

**ХИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Јас мислам се што ни е на располагање. Ние разговаравме дали тоа да биде касета на Министерството за внатрешни работи. Дали тоа да биде касета која е при рака на пратениците на ПДП, мислам дека тука ќе одлучиме ние сами, односно како Собрание, а би било пожелно за на се битно да гледаме факти, факти во врска со настаните. Ние ќе ви понудиме касета, меѓутоа немаме ништо против ако касета филмувано односно снимена, се што има од министерството за внатрешни работи да ни се претстави и да ја гледаме како пратеници и потоа да отвориме расправа во врска со овие настани, односно Информацијата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, претставникот на Владата министерот за внатрешни работи да го информира Собранието дали има потреба односно дали располага со таква касета.

**ТОМИСЛАВ ЧОКРЕВСКИ;**

Г-дине претседателе, г-да пратеници, мислам дека предлогот на пратеничката група на ПДП е поставен наопаку. Се тргнува од една претпоставка дека треба да се врши внатре во Собранието некакво пратење на фактите, случувањата со однапред недоверба спрема Информацијата и спрема се она што го имаме кажано ние во Информацијата.

Јас во некој подоцнежен период, доколку резултатот од расправата за оваа Информација е некаков каков ќе биде, ќе заклучи дека тоа треба да се продолжат проверките односно еве такви гледања колективни на касети и сл., за тоа по тоа.

Од нивната група беше побарана информација, таа е дадена таа во основа е фактографска, хронолошка, многу не завлегува во коментари на една или друга работа, дадена е на, помината е низ Влада, дадена е на Собранието и дајте по неа да се изјасниме.

Во случај да се заклучи дека е потребно да гледате сега касети, ние имаме голем број на касети и од нашите телевизиски камери и собрани и од другите телевизии, меѓутоа тие не се ниту подредени, ниту средени, за разлика од пратеничката гарупа на ПДП, ние не подготвувавме касети. Самото постоење на подготвени касетни нешто зборува. Мислам дека не е добар методот. Јас лично не го прифаќам односно како претставник на Владата не прифаќам ваков предлог.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Хисмет Рамадани,

**ХИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Дами и г-до пратеници, една е вистината што ние се соочивме со овие настани. Овие настани какви -такви ги имавме, се случија. Обично после тоа се доставуваат информации, изјави, коментари, проценки итн. Нашата цел уште еднаш е многу искрена. Ние сакаме да се соочиме со една вистина. Вистината не е само во тоа што ќе прочиташ, не е само во тоа што ќе излагаш, туку уште повеќе ќе биде уште вистината е тоа што ќе го гледаш непосредно. Јас мислам дека нема никаков проблем, ние немаме подготвена никаква касета немаме снимена ние како ПДП, касета. Тие касети постојат, приватни телевизии,. државни телевизии,

ние ги гледавме, имавме инсерти до разни телевизии и мислам дека тука нема ништо ново. Меѓутоа, ние исто така како пратеничка група сме спремни да им дадеме време и на Министерството за внатрешни раобти во текот на денот до утре да ни ја достави касетата која не навлегуваме монтажи, монтирања, меѓутоа, тоа што се случуваше во Гостивар сакаме да го гледаме. Како пратеници што ќе овозможи само за една конструктивна информација. Затоа што не е многу битно во овој случај за право да се рече, не се прифаќа Информацијата и другите да кажат таа се прифаќа Информацијата и со тоа да завршат. Мислам дека целта ние вистината не само да ја чуеме и прочитаме , туку и да ја гледаме по овој случај, а таков случај имавме ние мислам дека не го бараме ние прв пат само што тука сега е предноста можеби, а не би требало да биде предност, тогаш понудата за гледање на касета ни беше од министерот на одредено министерство, сега понудата ни е од пратеничката група и може еден министер дда го одбива тоа, што значи дека продолжува тоа дека ако министерот одбива, тоа значи и крај. А кога ни беше понудата од еден министер ние како пратеници тоа го прифаќавме односно го прифативме како што и беше. И ако треба дополнителни консултации, веројатно, ние сме спремни уште еднаш, еве да се договориме и како координатори на пратенички групи и за овој договор во име на пратеничката група барам пауза од 1 час.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, да направиме разлика помеѓу она што беше како документација односно документарен филм по Информацијата за состојбите во културата и ова што е на денешниов дневен ред. Тогаш Владата предложи во прилог на расправата да се сними од професионална екипа во организација на Министерството за култура таков филм и тој беше во функција на расправата на Собранието за состојбите на културата.

За оваа седница се бараше од Владата и од Министерството Информација за настаните во Гостивар и Тетово. Заправо, онаквите касети какви што имаа можност да ги гледаат граѓаните на. РМ беше и причина да ја свикаме седницата и Владата да подготви таква информација.

Според тоа, она што го видовме во Информацијата за состојбите во културата, тоа не го имитуваше ниту Македонската телевизија, ниту приватните телевизии. Ова што се случи во Гостивар и Тетово беше на увид на целата македонска јавност. Според тоа нема нешто што не го знаеме и што не сме го виделе, а што е како настан забележано на камерите дали на приватните или на МТВ. Според тоа, ве молам, тоа снимање од приватни телевизии не може во ниеден случај да биде основ за расправа во Собранието на РМ за еден настан како ова што беше во Гостивар и во Тетово.

Јас ви предлагам да продолжиме со расправа по Информацијата, онаа што ни е доставена, а г-дин Исмет Рамадани ако инсистира, тој предлог ќе го ставам на гласање.

Дали инсистирате предлогот да го ставам на гласање?

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Пред тоа да ни дозволите пауза.

**ТИТО ПЕТКВОСКИ:**

Што се однесува до пауза, ќе ви дозволам, за тоа нема проблем.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Тогаш ќе се договориме кога ќе направиме консултација со пратеничките групи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлагам пауза до 14,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 14,50 часот)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Г-дин Исмет Рамадани има збор.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Бидејќи паузата ја баравме ние како пратеничка група, со тоа што се сретнавме координаторите на пратеничките групи, разговаравме и јас се обидов уште еднаш ставот и размислувањата на пратеничката група да ги разговараме со колегите координатори меѓутоа, нашите размислувања и нашиот став не беше прифатен од координаторите со нивно образложение дека има начини и форми кои може Собранието да ги согледа за да се гледаат видео-касети за настаните во Гостивар.

Ние остануваме со убедување, цврсто убедување дека ќе придонесевме, кога би се прифатил нашиот став, нашите размислувања затоа што уште еднаш повторувам, расправата ќе беше многу поконструктивна. И, се надевам тоа ќе се потврди кога ќе почне расправата и колегите пратеници низ расправата ќе се убедат донекаде дека требаше ние да се соочиме со фактите кои се филмувани и со тоа расправата ќе беше многу, барем тоа се наши размислувања.

Бидејќи седницата почна и треба да продолжи, пратеничката група на ПДП мисли дека треба да се отвори расправата, нека се отвори расправата и низ расправата ние ќе го кажеме нашето размислување и нашето видување во врска со Информацијата и за севкупните настани во Гостивар и Тетово.

Претседателе тоа значи дека како пратеничка група сме да се продолжи со расправата.

**ТИТО ПКТКОВСКИ:**

Благодарам.

Има збор г-дин Шаќири. (не е тука) Г-дин Ибраими.

(Не е тука)

Има збор г-дин Пруси.

**АБДУРАУФ ПРУСИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, Информацијата која денес е презентирана од страна на МВР не е информација која како пратеничка група ја баравме бидејќи е нецелосна, и дава само еден сегмент на случувањата што на 9 јули се одигруваа во Гостивар.

Второ, ние како пратеничка група баравме информација од Владата во која ќе се содржи потребата од интервенција, зошто е интервенирано токму тој ден, зошто не се запознати претходно министрите во Владата со извршената акција, посебно министрите Албанци и ред други прашања. Независно од ова ќе се приклучам во дискусијата по повод овој немил и срамен настан кој на државата Република Македонија и донесе еден црн имиџ во нејзиниот демократски развој, што ќе се реперкуира со далекосежни последици не само на полето на меѓунационалните односи туку и во севкупниот иден развој на Републиката.

Очигледно е дека ова е уште едно од низата сценарија што ги припрема дел од македонскиот естаблишмен за остварување на одредени цели при што најприкладни секогаш се животите на албанците,

во голем број или најголем број од Македонија, но не е битно, тие можеа дабидат и од Албанија или од некој друг простор. Чудно, зарем не? Зошто некој не се прашува зошто во Македонија се убиваат исклучиво Албанци, иако и други како што знаеме создаваат немири. И, секогаш исто сценарио и познато сценарио. Бит пазар, Радолишта, Мала Речица, сега последен настан и во Гостивар. Се создава случај или подобро да кажам замка во која за жал преку свои подготвени луѓе од албанска националност естаблишментот вовлекува маса од луѓе и секогаш некој ќе се најде да пука за да полицијата најде оправдување да почне прво да убива а потоа и да тепа невини. И, секогаш токму според кажувањата на луѓето, најгрлатите потпалувачи на масата и тие што пукаат остануваат неказнети.

Веќе стана многу транспарентно сценарио и за најнаивните. И, каква ароганција честитки до полицајците за извршените убиства и по-кажаната невидена бруталност кон цивилното население. Браво.

Не знам како може да се зборува, дали имало пречекорување на овластувањата од страна на полицијата кога сведоци бевме преку слики од малите екрани за најбрутално тепање на цивили и стари и немоќни луѓе и тоа до бесвест. Ако тоа не е пречекорување, тогаш навистина не знам што значи еден таков поим.

Имав прилика да ги посетам семејствата не само на убиените во овој немил настан, туку и на повредените и тепаните. Не би сакал да прокоментирам за поединечни случаи, сигурно за тоа подетално ќе зборат моите колеги пратеници од Гостивар, но грозно беше да се слушаат кажувањата за бруталноста што ја покажала полицијата по прекинат на немирите. Тепање на машите пред жени и мали деца во нивните домови, потоа нивно извлекување надвор, уште еднаш тепање до бесвест пред полициски станици и во таква состојба фрлање во

подрумските простории. Но, морам да го нагласам и ова: за разлика од добро увежбаната специјална полиција за оваа работа доста полицајци кои служеле во полициските станици им притекнале во помош на тешко повредените, им давале вода и друга во нивна можност, се подразбира, помош.

Замолен сум уште од повредените во овој настан да ја искажам нивната благодарност кон лекарите и другиот медицински персонал по клиниките каде што се лекувале за нивната покажана висока хуманост и грижа. Посебно беа нагласени клиниките во Скопје.

Сега сакам да се осврнам и на настапот на г-динто Глигоров по настаните. Општа е констатацијата дека неговиот настап не беше како на претседател на сите граѓани туку како на претседател на само една етничка припадност. За разлика од Вас г-дине претседателе, како пратеник и како индивидуа и во овој парламент и надвор од него ќе се борам за држава, Република Македонија, каде сите граѓани ќе бидат конститутивни елементи на државата, независно од национална, верска, или расна припадност. Воопшто не ми е грижа дали тоа ќе им се допадне на Македонците или Албанците, факт е дека и Албанците се борат за конститутивен статус во државата, но јас како Албанец секогаш ќе ги усмерам тие барања кон граѓански концепт на држава.

Немојте да заборавите г-дин претседателе дека од добиените ваши гласови за претседател на државата, најверојатно 40% од нив би биле од албанскиот електорат. Сега ја немате таа поддршка.

Не се бранеше Република Македонија на 9 јули во Гостивар. Само се изведуваше едно сценарио зошто Република Македонија ќе ја бранат не само Македонците туку сите граѓани на оваа држава, се разбира ако се укаже потреба од такво нешто.

Невладина организација кога во исто време беа создадени низа други невладини организации чија цел сите овие 6 години е работа на создавање на доверба и толеранција меѓу луѓето на сите овие простори. Со различни проекти и фантастична меѓусебна соработка може да се каже дека таа доверба се зајакнуваше секој ден се повеќе и повеќе. Многу лошо е чувството некој да сака за еден ден да ти ја сруши целокупната шестгодишна работа. Мене ми е посебно драго да доста од овие организации, па и дел од прогресивниот печат се огласија против покажаната бруталност на полицијата во Гостивар, што дава надеж за една поблескава перспектива во изградбата на подемократски односи, но само ако се запре со вакви срамни настани.

Ме радува и фактот што поголемиот дел од пратениците со кои имав прилика да контактирам го осудуваат овој брутален чин, но се се плашам дека тоа ќе го искажат јавно поради, се подразбира, партиска дисциплина.

На крајот очекувам одговор од Владата на некои прашања. Зошто не се чекаше да заживее законот за знамињата. Како што изјавивте г-дин министре Чокревски на македонското радио, зошто било подобро да не се запознаат министрите Албанци со акцијата иако ви било сугерирано од страна на премиерот тоа да го направите. Зошто во Информацијата ни збор за бруталноста по домовите на семејствата во Гостивар по 16 часот и се подразбира има доста да се прашува зошто?

И сосема на крај, г-дине министре Чокревски ќе ве парафразирам, сам изјавивте пред овој парламент дека до местото министер не знаете како сте дошле, дека тоа не е место за Вас, некако сте залутале на таа функција и дека местото ви е во науката. Зарем не мислите дека после сето ова што се случи за време на вашиот мандат како морален чин, но

не само како морален чин, треба да поднесете оставка. Не- дозволувајте други да ги влечат конците во ваше име.

Јас уште еднаш ќе ве потсетам на оставка, во ваш интерес е.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Шаќири.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Дами и господа пратеници, г-дине претседателе, дури на почетокот на моето излагање сакам да истакнам дека Информацијата за актуелните состојби во општина Гостивар и Тетово има карактер на обвинителен акт бидејќи воопшто не кореспондира со реалната ситуација и состојбата создадена за време на полициската интервенција.

Информацијата проблемот го третира еднострано и со една доза на минимизирање. Тоа се потврдува со самиот факт што МВР вината за трагедијата во Гостивар сака да им ја префрли на гостиварчаните бидејќи во повеќе наврати без никаков срам е нагласено во материјалот дека конфликтот со полицијата го предизвикале, наводно група екстремисти до толпата што не е вистина и во никој случај не може една ваква квалификација да се земе за реална, знаејќи пред се дека провокациите и агресивност врз толпата ги почнала полицијата со демонстрирање на сила и со разноразни инкриминирани, измислени однапред сценарија. Полицијата во попладневните часови успеала да ја реализира зацртаната програма пред многу месеци во кабинетот на г-динот Бранко Црвенковски за пролевање крв во Гостивар.

Од страна на управата за криминалистичка техника во Извештајот се изнесени многу неточни податоци во врска со пронајдено оружје и други материјали кај учесниците во протестот. Токму во овој момент се покажани сите тенденции и намерата на власта која настојува со

разноразни  дезинформации вината да ја префрли за овие настани на Албанците.

Настаните во општина Гостивар на 9 јули од интервенција на МВР за симнување на нашето национално знаме од јарболот пред зградата на општините Гостивар и Тетово кај сите Албанци предизвика голем револт и вознемирување имајќи предвид фактот дека нашето национално знаме беше употребено на овие простори и порано. Да напоменам и тоа дека оваа проблематика беше регулирана со закон од 1973 година и тогашниот устав на СРМ и во доменот на оваа проблематика сакам да нагласам дека од албанската страна немаше никаква тенденција во врска со истакнување на нашето национално знаме бидејќи се работи за едно наследено историско право во оваа држава.

Интервенцијата на полицијата во општина Гостивар се смета како полициски пуч врз институциите на локалната самоуправа бидејќи со овој акт на македонската полиција дефакто и де јуре органите на општина Гостивар се суспендирани.

Дами и господа, на 9 јули врз гостиварчаните е извршена чиста полициска инвазија. Со своето вандалистичко однесување во претпладневните часови полицијата во целост ги демолирала објектите на овие две општини и целиот инвентар внатре, на административната служба во општините го уништиле.

Од невидениот шовинизам припадниците на МВР и со незаситени орекси и фашизоидните настапи во попладневните часови врз толпата употребувајќи огнено оружје кон ненаоружана маса убиле четворица, голем број беа ранети со огнено оружје и дел од нив беа малтретирани физички до крајна мера на најбрутален начин и целата ситуација во Гостивар беше претворена во хаос, насилства и терор што беше извршено од страна на специјалните единици на полицијата на 9 јули.

Градот Гостивар го претвори во еден трагичен град кој личеше на Вуковар во почетокот на војната на територијата на поранешна Југославија.

Сите овие агресивни и брутални настапи на полицијата врз недолжната албанска популација и ред други претходни настани, немили настани како заеднички именител го имаат промовирање на политиката која ќе создаде услови да се предизвика еден конфликт со Албанците во пошироки размери сметајќи на тоа дека на недорешениот статус на Албанците ќе им се стави крај во оваа држава. И, по пат на една агресивна политика ќе се надмине целата создадена неповолна ситуација во корист на застапниците на идејата за создавање предуслови за дефинирање на РМ како една национална држава без почитување на интересите на историските наследени права на Албанците.

Дами и господа пратеници, сите овие планови и зацртаните проекти во разно-разни центри не само што се антиалбански но да напоменам и против македонските интереси бидејќи е илузорно да се размислува една стабилна или една Македонија без почитување на албанските интереси, а застапниците на антиалбанската политика и приврзаниците на идејата која во суштина сака да предизвикува конфликт, ако дојде до таков конфликт бидете убедени дека нема да има победници. Во такви ситуации ќе има само губитници.

На вакви планови не успеале многу други антиалбански сили кои со разноразни методи сакајќи да ја реализираат својата хегемонистичка политика за етничко чистење на сите простори со албанско население во поранешна Југославија , мислам дека и оваа политика нема да има успех.

**ХИСНИ ШАКИРИ:** (Продолжение)

Затоа, подобро и во корист на сите е да не настојувате проблемите да ги решавате преку употреба на сила и по пат на оружје, бидејќи оружјето на многу републики од поранешна Југославија не им носеше победа нити среќа, туку само зло.

Нашата пратеничка група веднаш по настаните побара да се свика вонредна седница со единствена точка на дневниот ред и Парламентот да расправа за настаните во Гостивар, бидејќи таму се пролеа крв. За жал, Претседателството на овој законодавен дом не покажа храброст да се прифати нашето барање, така што проблемот се пролонгира се до овој момент, за да оневозможи целосна и реална анализа на настаните во Гостивар.

Во овој контекст, треба да се нагласи и тоа дека државните институции тоа го направија нарочно, токму од тоа што никој не сака да ја спречи лукавата и злосторничка политика во оваа земја, која е вперена исклучиво против албанските интереси. Дури се добива впечаток дека се ова што се случува го симболизира апархејдот како прво, а втората причина е како резултат на недостиг на визија на Владата од излез од економска и социјална криза и се настојува проблемите да се свртат во друга насока со создавање меѓуетнички тензии за да останат и понатаму на власт.

Оваа несериозна и неодговорна политика која се применува моментално кај нас носи голем ризик за РМ и за регионот, бидејќи досегашната политичка филозофија за толеранција и меѓусебно почитување е само една чиста фразеологија од демагошки стил, која останува на чиста хартија.

Една од дилемите што останува како енигма за сите нас како пратеници од Демократската партија на Албанците и за албанската

јавност е прашањето зошто Владата интервенира веднаш по донесувањето на Законот за употребата на знамињата. Ова сериозно прашање од кое произлегуваат сите тајни подготвени планови на Владата за симнување на знамето и дискриминирање морално и политичко на сите институции во локалната самоуправа, а особено од оваа антиалбанска стратегија се однесуваше лично на дигнитетот на господинот Руфи Османи како градоначалник кој веднаш по полициската интервенција беше изолиран, а подоцна, заедно со претседавачот на Советот господинот Рефик Даути, беа приведени во Истражниот затвор во "Шуто Оризари", и повеќе од 400 граѓани од Гостивар беа затворени во други затворски центри во РМ.

По изведувањето на акцијата по владината наредба, вооружените сили на МВР ги посети премиерот господинот Бранко Црвенковски во едно обраќање до единиците на МВР во Гостивар, премиерот им даде големо признание на сите за постигнатите успеси и резултати во реализација на еден план, кој во себе содржи елементи на геноцид како оној на Радован Караџиќ и Ратко Младиќ во БиХ за време на војната. За време на мандатот на Бранко Црвенковски во РМ се случија многубројни настани кои го повредија индивидуалниот и колективниот идентитет на Албанците во оваа држава. Континуира се креира политика која произведува конфликти и крвави настани. Само за неколку години има небројни повреди и непочитување на правата на Албанците, што ја повредува Европската конвенција за човекови права како најкомплексен меѓународен систем за заштита на човековите права и Рамковната конвенција за заштита на националните интереси, усвоена пред неколку месеци од страна на овој Парламент. Да напоменам имаме и такви пречекоруваа и повреди од страна на припадниците на МВР кои можат да се споредат со многубројни афери, чија основна цел е етничко чистење по пат на употреба на оружје, што претставува целосно

непочитување на сите релевантни документи кои произлегуваат од Европската заедница, ОБСЕ и ООН.

Процесот на креирање на антиалбанската политика во државните институции јавно и отворено се манифестира во неколку наврати, како што се: Битпазарските настани на 6 ноември 19 92 година, монтираниот политички процес во врска со таканаречените паравоени единици во ноември 19 93 година, оружената интервенција на 17 февруари 19 95 година против Тетовскиот универзитет, аферата на затворање на ректорот на тетовскиот универзитет, г-динот Фадил Сулејмани и други активисти од оваа институција и последната интервенција во Гостивар на 9 јули, која им овозможи на специјалните единици да извршат вистински терор.

Сите одредени настани се непобитни факти кои ја означуваат или детерминираат антиалбанската политика во оваа држава.

Дами и господа, ваквата антиалбанска политика е продукт на сите институции на системот, вклучувајќи го тука и претседателот на државата г-динот Киро Глигоров кој исто така како прв човек на државата сноси дел од одговорноста. Сметам дека бил запознат пред да се интервенира, дури и консултиран за целата стратегија и начинот на интервенцијата.

Господа, и Албанците се граѓани на оваа држава. Како такви треба да ги уживаат своите права и во знак на изразување на незадоволство и голема загриженост за сопственоста лоша положба и јавното манифестирање на овој револт во врска со дискриминаторскиот статус во нив од страна на власта се пука и се тероризираат и се затвораат масовно. Еден ваков деструктивен настап кој е во функција на

антихуманистичка идеологија и амбициозните желби на државниот апарат за создавање на РМ каско држава само на Македонците, македонскиот народ претставува скандалозен акт за ова мултиетничко општество бидејќи се нарушуваат основните елементи кои ќе им гарантираат на сите граѓани мир и спокојство.

На крајот сакам да истакнам и тоа дека г-динот Руфи Османи се наоѓа во Истражниот затвор во "Шуто Оризари" е жртва на антиалбанската политика што се применува од страна на Владата на Република Македонија.

Со оглед на фактот дека е во интерес на сите граѓани да преовлада мир за сите граѓани во оваа земја предлагаме:

1. Да се престане со репресивна политика и насилство од страна на државните органи, што се применува врз албанскиот народ,

2. Да се пуштат на слобода сите приведени лица кои се во притвор во врска со гостиварските настани од 9 јули и г-динот Руфи Османи безусловно, додека сите кривични постапки да се прекинат.

Владата да преговара со албанскиот фактор во РМ за решавање на сите отворени проблеми во врска со нашиот статус.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Ибраими.

**САМИ ИБРАИМИ:**

Почитуван претседтел, дами и господа пратеници и членови на Владата, дозволете ми да направам еден краток вовед во ова мое кратко излагање.

Пред два три месеци, ако добро памтам беше последната седница на која се поставуваа пратенички прашања. На таа седница прашав зошто полицијата приведува, малтретира и им се заканува со ликвидација на граѓани на Македонија од одредена националност и членови или симпатизери на само една одредена партија. А моето прашање беше поткрепено со четири, пет случаи од вкупно 15.

Тогаш г-динот министер за внатрешни работи даде многу паушален одговор, па ќе го парафразирам, велејќи дека додека го слушав г-динот пратеник, да има само малку вистина во тоа јас ќе ја ставев главата под маса и н. Но за жал неговата полиција и после тоа приведува, затвора, малтретира и осакатува граѓани на една националност и членови или симпатизери на една одредена политичка партија, во овој случај ПДШ или Демократска партија на Албанците.

И што да се каже сега? Моето предупредување не наиде на разбирање од страна на министерот и верувајте дека и до ден денес немам добиено одговор на поставеното прашање, иако инсистирав на тоа, додека неговата полиција во континуитет пречекорува и достигнува кулминација во Гостивар на 9 јули со 3 невини жртви, стотици ранети и физички малтретирани без пардон и без селекција. За тоа сведочат и ТВ снимките и очевидците, но и самите претепани и малтретирани граѓани. И замислете колеги пратеници, Гостивар не и беше доволен на полицијата, така што тие и после гостиварскиот срамен и нехуман чин продолжија со приведување, малтретирање, со додатен интензитет во т.н. информативни разговори, иако со закон овие разговори веќе се безправни, на членови и симпатизери ан ДПА во Тетово, Гостивар и Скопје. Верувајте дека има случаи каде малтретираните лица ги лечеа добиените повреди со свежа овча кожа или во свежо овенско руно. Но

сето ова за г-динот министер се невистини и ноншалантно ги негира сите случаи воопшто нетавајќи ја главата под маса, туку сеуште вертикално и горделиво ги слуша обвинувањата на неговата адреса, така што за него и информацијата за Гостивар или гостиварскиот случај е на исто ниво, неприфатлив и срамен стил.

Сега за информацијата. Информацијата, иако на 12 страници е бревилоквентна квантитативно обемна, а содржински кратка и би ја споредил со еден просечен средношколски писмен состав, каде што со една дескриптивна анализа ни се прикажува случајот во Гостивар без вовед, со кратка ретроспективна содржина, со нехуман, трагичен и срамен крај. Кога велам без вовед, мислам нас тоа дека воопшто не се наведува по чиј налог, по чија наредба, кој, кога, каде и зошто да се презема оваа непотребна акција. Сите сме сведоци дека на 8 јули доцна навечер тука во овој Парламент беше изгласан Законот за употребата на знамињата, и само по неколку часа, многу рано наутро наредниот ден на класичен начин Гостивар и Тетово се окупираат од својата државна полиција од специјалци со специјална задача, божем за симнување на знамињата и тоа само знамињата на националностите односно знамето на албанскиот народ и знамето на турскиот народ, а не сите поставени знамиња, како што тоа е во барањето на Уставниот суд. Значи, во овој случај и полицијата и нејзините диригенти постапиле спротивно до барањата на Уставниот суд.

Полицијата ја конфундирала својата задача, бидејќи насилно на каубојски или јужноамерикански начин влегува во просториите на општините Тетово и Гостивар и бесправно крши и демолира се пред себе, особено во канцелариите на градоначалниците и на највандалски

начин ја искажува својата конгестија, демолирајќи и кршејќи практично се пред себе, така како една голема конгерија во својата прва перформанса ја започна политичката полуција, која веќе стана видлива не само за граѓаните на Македонија, туку и за далечниот Њујорк, за Советот за безбедност на 00Н, за Европската унија и т.н.

Но а жал, првата фаза која може да се оцени како недозволено однесување на полицијата врз интегритетот, ингеренциите па и инвентарот на општината, а пред се на градоначалниците кои се избрани легитимно и на демократски пат од илјадитиот електорат по тајфунското пустошење полицијата, незадоволна од првиот чин на трагичната драма, на полисиндетски начин се спрема да предизвика перфузија - прскаше на крв со вештачко исценирање за да ја оправда егзарбитантноста на својата бесмислена акција и ја започнува јавно и провокативно уличната перформанска, со која и материјално докажува дека целта на акцијата во Гостивар не биле знамињата, туку нешто сосема друго, испланирано во детали и реализирано на најгруб нехуман начин врз албанското население на Гостивар, начин што може да се спореди со српската полиција во Косово. За македонската полиција ова беше само една мимеза на српската полиција, а сето ова да биде инкредибилно, неприфатливо и омаловажувачко за нас албанците е службената оценка дека нивните жртви секогаш се виновни и одговорни.

Овие бесмислици на Владата траат веќе 5-6 години, почнувајќи со Радолишта, Куклиш, Бит пазар, аферата со т.н. пара- војска, "Сина птица", Горче Петров, Мала Речица, затворањето на лениците на тетовскиот универзитет, самоубиствата на штедачите на штедилницата ТАТ, затворањето на г-динот Руфи Османи и други господа од Гостивар и

низа други полициски акции не се резултат само на владината централистичка и полициска политика, туку е резултат и на политичката субмисија на Албанците кои со својата попустливост, покорност и оданост кон оваа држава е злоупотребен од страна на Владата, за да потоа биде аплициран токму поради Албанците и нивните демократски барања за рамноправност, мир и просперитет на сите граѓани на Македонија.

**САМИ ИБРАИМИ:** (Продолжение)

Но за сето ова голема вина сносат Владата и правосудните органи, бидејќи со својата биоформанска политика и бифокално гледиште, кога се во прашање албанците или нивните активности, тогаш биформанската политика и бифокалноста на Владата и на правосудните тела ги зголемуваат и ги поттикнуваат меѓуетничките тензии, за да ги прикријат своите слабости во стопанисувањето,. приватизацијата, банкарството, социјалната политика итн., без да бидат свесни дека секоја меѓуетничка тензија е најопасна за иднината и мирот во државава. Сето тоа со големи несимпатии се гледа од меѓународни органи и организации.

И, се додека албанците и другите националности не се осеќаат рамноправни граѓани на сите рамништа на секојдневниот модерен демократски живот, политичкиот рејтинг на Македонија пред очите на светот и натаму ќе опадне драстично. Се додека Владата и правосудството не ја менуваат политичката диоптрија кон Албанците и се додека секој акт на Албанците не се гледа со макропсија и ономазиологија, секогаш над нас ќе бдее немир, страв, беда и геотомија.

4. За настаните во Гостивар и Тетово виновникот мора да сноси одговорност. По мое мислење одговорноста не треба да падне само врз плеќите на министерот за внатрешни работи, бидејќи тој е само дел од владеачката структура или само сегмент од мозаикот наречен дестабилизатор на мирот и катализатор на меѓуетничките тензии.

Не треба да го обвинуваме само министерството за внатрешни работи, туку и Владата која веќе 4-5 години не ја менува формата и не го менува начинот на дејствувањето, кога се во прашање објективните барања на Албанците што перманентно се трудат да се интегрираат целосно како рамноправни граѓани во демократските процеси во земјава.

А сега, еве ја и мојата оценка за пречекорувањата или непречекорувањата или како што се изразив погоре егзорбитантноста на полицијата е дека секој направен чекор од Скопје до Гостивар е

пречекорување. Тоа е нехумано, неоггравдано, срамно, недозволиво и, што е најлошо трагично пречекорување за кое некој мора да сноси одговорност.

И, на крајот апелирам до правосудните органи веднаш и безусловно да го ослободат г-дин Руфи Османи и останатите и никогаш веќе да не се повторат вакви глупи и трагични акции на македонската зорбалиска полиција.

На Владината комисија и посакувам успешна работа и објективност во методолошкиот пристап.

Ви благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Мурати.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Почитуван пртседателе, дами и господа пратеници,

Информацијата што е пред нас дава еден блед и сиромашен фактографски приказ само од аспект на полицијата, а не комплексен приказ на состојбите и настаните што се случија на 9 јули оваа година.

Затоа, оваа Информација е фрагментарна и не дава хоризонтална и вертикална причинско-последична анализа на настаните и учесниците во неа. Тоа е резултат според мене, на нереалните претпоставки на Министерството за внатрешни работи за вооружен отпор очекуван од страна на Албанците и, сета акција се сведува само на една интензивна едночасовна престрелка.

Од овие сегменти Информацијата за мене претставува фрлање прав во очи, бидејќи таа нема заклучоци, нема насочување на одговорности, нема пречекорување на полицијата. Таа е дескрипција на настанот. Оттука тоа е уште едно минување на Албанците низ сито, а полицијата низ решето.

И, кога веќе сето ова го знаеме, се прашувам дали Информацијата ќе профункционира како таква?

Дали оваа Информација ќе ги стабилизира политичките и меѓуетничките односи или обратно, нив ќе ги провоцира или влошува?

Дали воопшто Информацијата ќе има некаков ефект?

Јас се согласувам, кога заедно со оваа ќе се разгледуваше и Информацијата составена од министрите во Владата ќе беше многу поефикасна, посуштинска него да очекуваме и друга информација што сигурно ќе дојде на дневен ред.

Дали Информацијата ќе ги врати загинатите, ќе го врати достоинството на Албанците, дали ќе ги лечи раните на повредените? Сигурно не.

Очигледно се немаше слух за последиците од настанот. Мислам дека имаше простор се уште да се зборува со сила на јазикот, а не со силата на оружјето и пендрекот. Имаше простор и време меѓусебно да се комуницира и убедуваат на мирен начин да се елиминираат бараните проблеми од Уставниот суд на Република Македонија. Мислам дека имаше шанса и можност да се надмине недоразбирањето и да немаше жртви, убиени, тепани.

Но, очигледно требало да се случи нешто страшно па да разговараме со факти, како што правиме денеска. Како полицијата тренира строгост и гради крутост во несреќата на недолжниот, на немоќниот?

Реалноста е сурова, а вистината е сираче. Затоа, во војната во Гостивар, како што пишуваат весниците победи аргументот на силата, а не силата на аргументот. Впрочем, тука не изгубија Албанците, туку победи полицијата и изгубија демократските процеси што и така се на почеток на остварување.

И, тука ни се наметнува заклучокот:

Крвава гостиварска среда се случи на 9 јули оваа година. Се случи без милост врз Албанците во Гостивар и во целина врз Албанците во Република Македонија.

Заблагодарувајќи се на новинарите, на ТВ-снимателите на ТВ А1, ТВ Коха, ТВ КИС, ТВ АРТ, другите телевизиски станици, имавме можност да видиме морничава слика и невидена бруталност врз недолжните Албанци во Гостивар. И, секако само таа бруталност што се случуваше е предмет на разгледување. Загинатите си отидоа на свои места.

Оттука се прашувам, ни се случи ли Руанда во Гостивар, се случија ли Палестинци или Курди, можеби и Бејрут во Гостивар, како што констатира еден новинар во еден ценет весник?

Тоа не е се едно што се случи во Гостивар. Како да се изгуби чувство за реалноста, за реалноста во состојба на експлозија. И, ние знаеме дека таа е експлозивна состојба. И тоа се случува среде Балканот, во Република Македонија, нејзиниот западен дел.

За сето ова: за бруталноста за тепањето на луѓето се уверив при посетата на повредените во болницата во Гостивар. И, со право ќе констатира еден од повредените кога ми се обрати со зборовите - Г-дине Мурати ова е канибализам. Немав одговор да му возвратам дека тоа не е тоа.

Ја користам можноста на персоналот на Медицинскиот центар во Гостивар да им изразам јавна благодарност за одговорноста и непосредното ангажирање во пружање на помош на повредените однесувајќи ги сите повредени во соодветни болници и пружање непосредна лекарска помош.

Ќе се обидам да го образложам овој заклучок но не знам што е значајно и што е незначајно да се каже во оваа прилика.

Не побитен е фактот дека во градовите на РМ каде живее албанско население во првата половина на јули се случија политички настани, но истовремено непобитен е фактот дека во Гостивар се случуваше воен настан. Тука дојде до отворен, директен вооружен судир на полицијата со толпата албански граѓани во Република Македонија. Тетово, иако сигурно било планирано во шемата за војна, се спаси. Тоа е добро.

Операционализацијата и доследното спроведување на Одлуката на Уставниот суд и определбата на државата за симнување на знамињата на националностите од јарболите пред општините во Тетово и Гостивар се случи на одредено време, со одредени сили на начин и постапка како што ги проектирал изведувачот и сценаристот.

И, тоа ќе беше во ред ако знамето само се симнеше и спакуваше на начин достоен на знаме. Придружните активности, блиската средба, како што ќе го наречат новинарите, на полицијата и демонстрантите, немаше љубовен карактер, ниту милувања, туку до крај насилнички, вандалистичко, недостојно за достоинството на човекот.

Од тие причини ми се чини овде оправдано се бараше да се прикажат видео-касети како тоа се случуваше кога требало да се заклучи тој историски настан и полицијата да се врати на своите места. Филмските снимки и сцени се убдеbelieve докази дека беше тоа една мала

војна и дел на Албанците во Гостивар. Војна, во вистинска смисла на зборот, морничава за кревката демократска Република Македонија.

Акцијата беше најавена, очекувана, подготвена. Очекуван бил и отпорот за што јавно постоеше залагање дека нема сила што може да го снимен знамето ќе го браните по секоја цена со живот.

Институциите и органите требале тоа да го имаат на ум и да водат сметка за сето тоа. Тука е во прашање психологијата. Во стратегијата на делувањето требало да се изостави отворениот судир, употребата на огнено оружје. Впрочем успехот и ефикасноста на органите се цени по мирниот начин на разрешување на проблемите, а не во примена на сила.

Второ, зачудувачки факт е зошто полицијата демолирала простории, канцеларии, минираа врати, пука во ѕидови, прозори, пука без потребно? Сигурно сака да предизвика неред, да демонстрира сила, моќ. Друго, впрочем и нема освен што сака да прикаже една крвава свадба за жал на демократијата.

Гостиварскиот настан го гледам и од аспект колку тој мораше така да се случи. Имам впечаток дека авторите од идеја до реализација заборавиле на значајни процедури и механизми. Не направиле напор состојбата мирно да се надмине. Демонстрацијата на сила не е секогаш најдобро избраниот пат. Тој триумфира, но не победува. Остава длабоки траги во историјата. Промоцијата на сила има една цел да заплашува и предизвикува страотна омраза.

Во тој контекст оазата на мирот пукна и тоа не првпат. Драматичните крвави настани се повторуваат во интервали, зависно од внатрешните потреби. Тоа се: Бит Пазар, како што беше спомнато, Радолиште, Мапа Речица, труењето во Тетово што се уште останува енигма за државата за Републиката, за сите нас политички субјекти.

Значи, ред се редат убиствата на апбанците, граѓани на Република Македонија. Случајот Гостивар беше уште еден тест за проверка на толеранцијата на Албанците. Улица, улични инциденти, се посегаше против недолжните граѓани. Се земаа луѓе од дуќани, од сопствените куќи да се тепаат. Се тепаа пред децата, пред сопругите, пред луѓето во самиот двор.

Се заборавашe за грижата на човекот, за сигурноста на граѓанинот, за достоинството на човекот.

Политиката треба да се свати како уметност на можното, а не како авантура на незрели политички и државни дејствија што само го деградира достоинството на човекот, во овој случај на Албанецот. Впрочем, до сега само врз нив е применета сила, оружје и сл. Тоа е злоупотреба на демократијата во конкретни состојби и простори.

Албанците во Македонија не се народ за селски пазар, а најмалку граѓани за експериментирање. Тие бараат достоен живот во демократска држава. Демократските односи сакаат да ги почувствуваат, доживеат и уживаат како и другите. Поединци или групи кои нив ги инструментализираат се тие што прават приватна политика со државни пари. Моќта на поединецот или политички субјект не се гледа само во ветување на големи нешта, по искажување големи зборови, псуење на другиот, туку, моќта на тој се гледа колку и како се ангажира да ги разрешува проблемите, колку успешно ги артикулира интересите, колку успева да ги заштити граѓаните а не да ги извади на улица и некој да ги тепа, убива, малтретира, масакрира итн.

Впрочем, тука се поставува и прашањето дали настанот ги антагонизира меѓуетничките односи или не? Можно е или не да се релаксираат меѓуетничките односи? Постои ли перспектива за заедничко живеење и развој или пак со стравичниот настан е изгубена и последната шанса за воспоставување добри меѓуетнички односи?

Ова се комплекс на прашања, но суштински чии одговори треба да се бараат во триумфалноста на полициската политика и моралната победа на Албанското население.

Крајно се разнишани, од билансот на овие настани, меѓуетничките односи. Се шири гневот, стравот и етничкиот јаз и омразата. Се наруши кревката доверба во државните институции. Девалвирани се вредностите што овозможуваат демократски напредок на живеењето.

Се прашувам, дали меѓунационалните односи одат по нагорна или надолна линија? Одговорот во моментов е јасен.

Кој е билансот на настаните? Загинаа 3 лица, над 300 повредени од кои 25 потешко, според податоците во времето актуелно 9-10 јули и, како што пишуваше во весниците над 300 приведени лица.

Секако, можат да се кажат и многу зборови и многу да се залагаме за враќање на довербата. Тие причини, сакав да заклучам со следнава порака, на насилието и репресијата да ја спротивставиме демократијата и демократските механизми и принципи.

Сакам да нагласам дека сето ова што се случи во натамошните напори ќе треба да најде соодветно место во воспоставување на мирот и меѓуетничката и меѓусебната доверба. И денешнава дискусија треба да помогне, да појасни да се дефинираат некои проблеми и да се предвидат мерки за надминување на вкупните состојби, да се врати довербата и животот да тече понормално од тоа што го имавме со настаните и после настаните што, евидентно се присутни и денеска и тука и таму.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Наџи Пурде.

**НАЏИ ПУРДЕ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Информацијата на министерот за внатрешни работи, Чокревски е еден обичен опис, како да се десило нешто секојдневно, нешто обично, нешто што може да се случи секој ден.

Теророт и тортурата во Гостивар од 9 јули извршена од македонската специјална полиција врз Албанците и Турците во Гостивар не е ништо друго, освен продолжување на сценариото од Бит Пазар, Радолиште и Мала Речица. Овие три имиња се може би малку повторени, но, ако повеќе се повторуваат помалку има изгледи да се случуваат.

Историчарите, 9 јули во Гостивар ќе го забележат како еден друг атак и вандалски чин на македонската полиција врз човечкото достоинство. Со тоа човекот падна на својот човечки испит.

На меѓународниот фактор овој масакр ќе изгледаше како нешто измислено и болно фантастично, неверојатно, но, фактички тие се уверија преку видео касети на своите телевизии дека тоа не е измислено, дека 9 јули и Гостивар не се смислени, дека е горка и болна вистината, горка уште повеќе што такво нешто се случува во дел од државата на Република Македонија која држава е потписничка на сите меѓународни конвенции за правата и слободите на човекот.

Јас тука нема многу да се задржувам и да ги анализирам поединечните тепања и малтретирања до несвест од страна на специјалната македонска полиција затоа што тој број е многу голем. Би спомнал само за првиот ден за двајцата жртви Шпенди Сеини 31 година, лекар и Назми Салиу 31 година старост од село мало Турчане. Наведените жртви се убиени од огнено оружје. Инаку во овој ден има 300 приведени лица околу 200 повредени, околу 700 тепани и малтретирани, околу 50 дадени пред судските органи и на брзина осудени со 60 дена затвор и против 10 се води кривична постапка меѓу кои и г-динот Руфи Османи. Тоа би го направил од две цели.

Прво, затоа што оваа Влада тоа го знае. Го знае затоа што сценариото на овој масакр е подготвен уште од порано, барем неколку месеци пред тоа.

Ќе се задржам малку и со неколку зборови ќе го опишам масакрот од 9 јули и продолжување на насилството после 9 јули што трае и до ден денес, но сега под изговор на тн. информативни разговори каде се тепаат и малтретираат луѓето. каде им се инпонира од страна на полициските инспектори да потпишуваат разни изјави.

Поголем дел од овие луѓе се затвараат и некое време поминуваат во полициските казамати. Во недостаток на простор голем дел од притворените се сместуваат во импровизирани полициски објекти во фабриката Силика, Циглана, во Гостивар каде што се малтретирани на нај би рекол ѕверски начин претепани во несвест.

Последиците на овие нечовечки мачења ќе се чувствуваат после неколку години од ударците по глава, по телото како и оштетување на еден од највиталните органи на човекот, како што се бубрезите.

Да не се заборави. Ниеден човек не може да биде среќен ако ги тера другите во несреќа и беда, ако им се земе со сила иако се гази нивното достоинство.

Според мене целта на настаните во Гостивар е: дисциплинирање на албанското население а поготово кога тие ги бараат своите природни права .

Второ, според моето мислење ова е подготвувано од страна на СДСМ.

Трето, да се запрат интеграционите процеси на Албанците со соединувањето на ПДПА и ПДП, процес кој останува отворен.

Четврто, да се доведе во прашање плурализмот и

Петто пренасочување наравно на економските потешкотии, социјални проблеми итн., на една друга страна.

Притворени се и други градоначалници како што се градоначалниците на општините Вевчани и Битола. Но, тоа според моето мислење не беше ништо друго освен оправдување пред својата и светската јавност дека тука не се притворени само албански градоначалници односно албански градоначалник туку и македонски градоначалник на општина. Тоа го велам затоа што министерот Чокревски изјави дека за Гостиварскиот случај сме се подготвувале неколку месеци порано.

Владата според мое мислење се брзаше со својата брутална акција во Гостивар и не даде време за размислување, во врска со донесениот закон од 8 јули за употреба на знамињата затоа што мислеше дека може би ќе се 8 јули за употреба на знамињата затоа што

мислеше дека можеби ќе се почитуваше истиот и ќе мораше да се потруди да губи време, да измисли нов трик за атак врз локалната власт и локалната самоуправа во Гостивар и Тетово.

Специјалните единици на македонската полиција влегуваа во Гостивар и после полноќните часови на 9 јули и заземаа своите планирани позиции, ја прекинуваа електричната енергија и телефонските врски. Најпрвин, се камбриолира, во превод се киднапира, бидејќи јас тоа така го разбирам канцеларијата на г-динот Руфи Османи а потоа и на претседателот на Советот на општината Рефик Даути, во раните утрински часови на 9 јули. Оваа акција е изведена со поголема група полицајци и тие не се сместени во полициски простории туку, во канцеларијата на општина Гостивар, да не би се рекло дека се притворени, зошто полицијата немала наредба за притвор, од страна на судскиот надлежен орган. Потоа следува и вандалското демолирање на инвентарот не само на локалната самоуправа туку и сите други канцеларии на подрачните единици. Албанското и турското знаме се отстрануваат, а македонското останува на јарболот. Во овој случај полицијата не ја почитува ни одлуката на Уставниот суд зошто одлуката гласи - да се симнат знамињата, значи множина. Во овој случај би ве потсетил дека во словенскиот јазик постои еднина, двоина и множина, а во македонскиот постои множина и еднина. Ако е веќе множина требаше сите знамиња да бидат симнати од пред објектот на општината Гостивар.

Утринската акција на полицијата почна со тепање и малтретирање на граѓани, случајни минувачи кои си оделе на своите работни места, а улица на плоштад, во чајџилници, или кафе-барови. Еден од нив, прво тепан е Мехмед Алиу, заменик на јавниот обвинител во Гостивар, иако им покажал документ за својата функција.

Во утринските часови без повод почнува малтретирање на граѓаните сопственици на разни дуќани и нивно спроведување во полиција.

Во 9 часот наутро, јас бидејќи сум очевидец на овие работи и сакав да придонесам за смирувањето на оваа тензија а и должност ми беше како пратеник. Јас и тројца советници во општината само иницијативно се упативме кон зградата на подрачната единица МВР - Гостивар и колата ја паркиравме на 100 метри од зградата, зошто, полицијата тука

не запре со паркиравме на 100 метри од зградата, зошто, полицијата тука не запре со вперени автомати. Еден од тие полицајци отиде да ги праша одговорните во полициската зграда дали ќе не примат, ако не сите барем мене, како пратеник во македонскиот парламент. Тој се врати после неколку минути со негативен одговор. На моето повторно инсистирање одговорот на полицаецот беше "со таа легитимација можеш да го..., да не ги кажувам другите зборови. И потоа ми рече "врати се од каде што си дошол додека не си го изел куршумот". Наравно под таа претња јас си отидов.

Со ваквиот одговор на полицаецот од една страна и незаконското киднапирање на Руфи Османи и Рефик Даути, од другата страна, ми даде сигнал дека е планирано нешто посериозно и поопасно.

Во една ваква конфузна ситуација решив во 11 часот да и се обратам на масата, во својство на пратеник на најкритичната точка на насобраните луѓе кај семафорите на раскрсницата, на улицата Бивша ЈНА и Улица "Браќа Гиновски" со надеж дека ќе придонесам во корист на смирување на ситуацијата и на тензијата. Со неколку кратки реченици им реков да не се провоцира полицијата, да не прават безредија, да се сочува ладнокрвноста, да се сочува редот и мирот итн. Во средината на насобраните граѓани имаше и некои лица кои намерно ја провоцираа ситуацијата и ги иритираа граѓаните. Поголемиот дел од граѓаните ја изразија својата желба да го видат Руфи во нивната средина, тој да им се обрати лично и ветија дека после ќе се разотидат. Мене, не ми остана ништо друго освен да контактирам со главните фактори во полицијата, а сега преку телефонскиот разговор.

Со тој разговор што го водев кога им ја објаснував ситуацијата, гласот од другата страна се согласи да ми се овозможи контакт со Руфи Османи и ми рече да бидам придружуван уште со тројца советници од општината.

Во зградата на Општината во придружба на двајца вооружени полицајци стигнавме околу 12,10 минути. При влегувањето ми падна в очи дека инвентарот на првиот спрат беше тотално уништен, вториот спрат исто така. Нас не ставија во канцеларијата на секретарот. Таму чекавме околу час и половина. По долгото чекање ни наредија да влеземе во канцеларијата на градоначалникот каде што беше доведен и тој. По извесно време го доведоа и претседателот на Советот Рефик Даути. Во краткиот разговор, се водеше на македонски јазик и во присуство на полицијата, Руфи Османи, Рефик на македонски јазик во!присуство на полицијата, Руфи Османи; Рефик Даути изразија

спремност, беа потполно согласно со иницијативата и беа спремни да излезат и лично да отидат на лице место и да им кажат на масата да се растури. Верував, а и ден денес сум убеден дека ако му се овозможеше на Руфи Османи да излезе пред тој народ а и полицијата беше тука немаше каде да побегне, а верувам дека тој не е човек кој бега од одговорност. Цивилниот инспектор, излезе, разговараше со своите претпоставени, дојде и повторно излезе, а тука беше до 2,30 часот. Во 2,30 часот кога излезе повеќе и не се врати. И во 3 и 17, часот се слушна првото пукање. Почнаа извици, потоа рафални пукања, итн.

Во тој момент на нас ни беше наредно да ја напуштиме канцеларијата, да ја напуштиме зградата на Општината каде што останаа Руфи Османи и Рефик Даути и ни беше наредено во таа морбидна и конфузна ситуација на рафални пукања да одиме и да и се обратиме на масата да се растури. Каков цинизам и каква ароганција, да се обратиш на луѓето кога почна пукањето со баражна ватра врз живото месо на албанците и на турците.

Пробивајќи се низ кордонот на полицијата, водени пак од двајцата полицајци избивме до семафорите. Патем полицијата не провоцираше со погрдни зборови кои нема тука да ги спомнам.

Кај раскрсницата ни наредија да се обратиме на масата, во моментот кога најжестоко се пукаше и да излеземе на бришан простор меѓу полицијата и масата, која беше прилично оддалечено од секаде. Во овој момент јас побарав од полицијата да бидам обезбеден со мегафон, зошто сум човек во години и наравно немаше мојот глас да се слушне, да му се обратев на народот да се разотиде. Меѓутоа, тој мегафон не беше обезбеден од страна на полицијата и мене ми е жал што не беше обезбеден.

Во ваква една вжештена ситуација ние четворицата свртивме спрема Запад кон Ул. ЈНА испратени од пукањето на полицијата кон нас, за што очевидците после ни рекоа дека полицијата пукала кон нас и тоа рафално. За чудо не не погоди. Сме имале среќа уште да живееме, зошто баш во тоа време, пристигна една кола на УНПРЕДЕП и може би таа не спаси.

Присилно влегување во домовите без судска одлука, а тоа значи не почитување и драстично кршење на членот 26 од Уставот на РМ, од страна на специјалната македонска полиција, е реализирано на

највулгарен начин со на специјалната македонска полиција, е реализирано на највулгарен начин со разбивање на врати прозори итн. Со овие дејствија е прекршен членот 51 од Уставот на РМ, каде што се вели дека секој е должен да го почитува Уставот и законот.

**НАЏИ ПУРДЕ:** (продолжение)

Со присилно влегување во домовите на албанците и на турците, со малтретирање на сопругот пред сопругата, тактkото пред децата, синовите пред немоќните родители на дрзок начин тоа е санкционирано со член 11 од Уставот на РМ во кој се вели: физичкиот и моралниот интегритет на човекот се неприкосновени. Се забранува секој облик на мачење, нечовечко, или понижувачко однесување и казнување, јавно и крвничко тепање на луѓето во плоштадот, по улиците и на јавните места , по локалите и работните места, влечење на ранетите како вреќи полнети со слама по асфалтираните улици бојадисани со врела човечка крв, собирање и фрлање на иститe во полициски комбиња еден врз друг најблаго речено е долго планиран масакр. Целта на вандалистичкото однесување на полицијата кон албанците беше и е да им втера страв во коските да тие одустанат од своите барања да не бидат рамноправни граѓани на оваа Република, на оваа држава, туку да бидат граѓани од втор ред и со тоа да се помират.

Прекршен е и членот 10 од Уставот кој вели: животот на човекот е неприкосновен. А Шпенд Ислами 31 година доктор по струка е убиен и лишен од право на живот. Назми Салиу 31 година исто така е лишен од живот. Со тешки телесни повреди Миљаим Даути подлегна на 14.VII.1997 година, како последица на вандалистичко и физичко мачење. Со својата подмукла и вандалистичка акција превземена врз Гостивар и врз неговите граѓани албанци и турци од страна на Македонската полиција на 9 јули е сторен еден антиуставен и антицивилизациски акт со пошироки размери и затоа 9 јули 1997 ќе се запамети во Гостивар како историја и тоа долго време нема да биде заборавено со своите три убиени албанци, со длабоките крвави рани и траги од куршуми, гумени

палки, клоци од тешки полициски чизми, од кундаци во живото тело и месо на албанецот и на турчинот. Деветти јули ќе се запамети со безобѕирно казење на достоинството на човекот, а посебно на албанецот. Деветти Јули ќе се запамети како ден на пекол, ужас и смрт, ден како во најмрачните хорор филмови на Алфред Хичкок, ден на мрачните понижувања, како ден што никогаш не доживеале никогаш во својата историја граѓаните на Гостивар албанци и турци граѓани на РМ. Деветти јули е ден на понижување на нашите мајки, сестри и деца зошто на тој ден се ужасно малтретирани и на мртво тепани нивните синови, браќа и татковци дури и дедовци во своите сопствени домови. Деветти јули ќе остане како навреда и понижување за сите албанци и албанки било на кој дел на Земјината топка да тие работат и живеат. Деветти јули е тотална негација на големиот писател и хуманист Горки,"човекот гордо звучи". Не. Човекот бедно и ниско звучи.

**МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ:**

Почитуван господине претседателе, почитуван министре, почитувани пратеници да се зборува само за причините односно за последиците, а да не се зборува воопшто за причините кои допринесоа до овој несакан гостиварски случај по мене е и несериозно и дури банално. Сметам дека не држи сега да зборуваме за последиците кои можеа евентуално и самите претходни говорници со своите авторитети да го спречат да не дојде до гостиварските, односно полошкиот синдром.

Најпрво јасно ќе кажам дека во целост ја поддржувам Информацијата за актуелните состојби во општината Гостивар и Тетово иако искрено жалам што дојде до разгледување на Информација од ваков вид наместо да се разгледуваат во овој Парламент информации од видот на социјалните, стопанските и другите тешки проблеми кои ја

мачат РМ, но која не може од овие политички проблеми да дојде во ред. Јас пред овој Парламент доставив една Информација пред деветојулските настани во Гостивар со која барав или мислев повеќе превентивно да се расправа во овој највисок законодавен дом и евентуално да се изнајдат решенија и без интервенцијата. Но поради исцрпување на сите можности за спроведување на одлуката на Уставниот суд на РМ интервенцијата беше изнудена. Јас лично жалам за погинатите и изразувам сочувство на нивните семејства, жалам за заладените меѓунационални односи за кои е потребно време да се врати довербата и меѓусебното почитување. Ова искрено чувство го пренесувам и од името на членовите на општинските организации на Социјалистичката партија на Македонија од Гостивар и СДСМ од Гостивар и нивните заклучоци и од најголемиот број на граѓани на опашината Гостивар кои сакаат мирно да го продолжат заедничкиот живот. Тоа уште повеќе е поткрепено со фактот дека знамињата се присилно симнати само пред Советот на општина Гостивар, додека во општините Чегране, Србиново, Вруток, Неготино се симнати во склад со Законот и од страна на надлежните органи на локалната самоуправна власт што јасно зборува за вкупната политичка состојба во регионот.

Потребно е да се каже и јасно дека не е доволно да се зборува само за последиците од интервенцијата, туку е битно да се кажат причините за интервенцијата. Интервенцијата во Гостивар имаше две фази како што е јасно наведено и во самата информација. Мирна фаза кога беа симнати знамињата без посебни проблеми и последици и критична фаза во попладневните часови кога дошло до напад врз полицијата која морала да се брани и одбрани и себе и поредокот и мирот и државата. Фрлањето вина само врз полицијата и барање одговорност за наводно бруталниот однос е уште еден блеф кој нема повеќе да делува и кај самите албанци, а треба да се каже правата

Етиологија на полошкиот синдром кој се наликува на познатиот Косовски синдром. Еднаш за секогаш треба да се каже јасно и гласно кои се границите на можното пречекорување на таканаречената црвена линија за која подетално зборуваше и претседателот на нашата држава г-динот Киро Глигоров. Никој во светот не поддржува екстремизам, никој не го одобрува радикализмот. Ние како социјалистичка партија на Македонија ја поздравуваме одлуката на Социјалистичката партија на Албанија која како и секоја социјалистичка партија само со разумни решенија во системот на институциите, по пат на преговори и практични решенија и со почитување на секоја држава посебно на балканските земји ослободени од секој вид на национализам и екстремизам сакаат да се вклучат во европските интеграциони процеси.

Состојбата во Гостивар постепено се нормализира атмосферата е порелаксирана, граѓаните се враќаат кон катадневните обврски и не сакаат политички наметнат и меѓунационални тензии. Состојбите низ кои сега минуваат граѓаните на Гостивар е време на настани кои нормално ги пратат ваквите, или слични збиднувања во една повеќенационална средина потврдено со сознанието дека се работи за една неуставна и незаконска иницијатива од страна на Советот на општина Гостивар поведена од поединци на партијата на ДПА која е прекината со оваа интервенција во интерес на понатамошното заедничко живеење. Исто така никој овде не верува дека интервенцијата е направена како што се шпекулира во .содејство со друга соседна држава со што се сака да се намали ефикасноста и спремноста на нашата полиција.

На крајот ќе повторам дека во целост ја поддржувам информацијата која ги содржи сите потребни елементи без оглед на тоа колку таа е оспорувана, напаѓана и негирана.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господине претседателе јас гледам дека со оваа Информација народот вика: "Волкот го изеде магарето" така тоа може да се крсти. Друго мислење и тешко е да се најде. Овде сите на говорница се излезени и се редени еден по еден и зборуваат кој, како. А уште во почетокот г-динот Исмет Рамадани бараше да се видат касетите. Ако се вклучат и македонскиот блок и ако ги гледаат тие касети и таа изведена бруталност, јас мислам дека друг тек би зела оваа расправа. Друг тек би зела расправата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тоа прашање го апсолвиравме.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господинот Мирко Лазаревски негово е да ја признае Информацијата но тој не смее како граѓани во град Гостивар да помижи за сите тие бруталности кои се изведени. Тој сите ги знае.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам напуштете ја говорницата, ќе ви дадам збор и можете да кажете се што мислите.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас ќе излезам на говорница, но сепак барам на говорницата да се говори она што треба да се говори.

**МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ:**

Јас како лекар и човек и хуманист сум далеку попризнат и попознат меѓу албанската популација од г-динот Харуни кој ги вика овде американските новинари да плаче на цел глас како не станал доктор на науки. Сметам дека г-динот Харуни ја злоупотребува својата функција пред цел свет,во ова Собрание за време на летните распусти повикува некакви новинари да јаука и плаче врз својата судбина која знае дека му е многу поубава од мојата во местото каде што живее.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, најпрвин да кажам дека сметаме дека е сосема нехумано, нечовечки, неморално макар и со еден збор да се врши политички маркетинг или личен маркетинг кога особено кога од оваа трагична ситуација имаме за жал жртви, доста ранети, повредени и малтретирани и тн. Јас ќе се потрудам со неколку збора да говорам во тој стил. Некаде ми падна да прочитам од еден познат експерт по меѓународно право и функционер во одредени комитети и поткомитети на 00Н за човековите права која во еден чланок кажуваше дека ако сакате да дознаете за степенот на демократичноста на една држава не е воопшто потребно да го прочитате Уставот на таа држава, или да ги прочитате законите, односно најважните закони на таа држава, туку едноставно само да престојувате тамо неколку дена за да констатирате како воопшто се однесува полицијата во однос на граѓаните. Ние и од средства та за јавно информирање во неколку наврати имавме прилика да слушаме и од компетентни и одговорни партиски функционери и носители на функции кои кажаа дека се осудува, односно да кажат дека полицијата дејствувала вон контролата на власта, или пак тоа е само едно амортизирање на економските и социјалните проблеми кои ги има државата и ред други детски приказни. Меѓутоа, ниеден паметен не може да се сложи со ова дека полицијата дејствувала вон контролата на институциите на системот, дека таа дејствувала своеглаво и дека таа дејствувала надвор од институциите на власта. Понајмалку кога само неколку дена после тоа премиерот излезе триумфално да докаже дека дефинитивно народот е победен од страна на полицијата. Сметам дека ќе беше можеби подобро премиерот триумфално да покажуваше на некои позитивни сегменти на државата особено ако ќе имаше причина тој да докаже дека на народот, односно на граѓаните на Македонија им е подобрена благосостојбата, дека е

подобрен стандардот, школувањето, културата и тн. И јас сум цврсто убеден дека Македонецот кој можеби се задоволил при гледање на слики на убивање и малтретирање на граѓани долго време ќе го памти тоа, особено гладниот македонец за да може да гласа за таа партија која стои зад тоа. Од гостиварските настани неминовно според мене се поставуваат неколку прашања.

Прво прашање е дали се тоа мораше да се случи . Второ прашање дали тоа можеше да се избегне.

И трето прашање кому се тоа му беше потребно. Уште други низа потпрашања односно што се ова ќе и донесе на државата, како ќе се престројуваат во иднина македонците, како ќе се престројуваат во иднина албанците и тн. Одиме со ред. Дали ова мораше да се случи? Сметам дека воопшто не мораше да се случи од причина што ние и во иднина односно и во минато и во иднина ќе имаме случаи кога фактички ќе имаме непочитување на закони, бидејќи сме земја на транзиција. Дури и сега имаме случаи и состојба кога не се почитуваат закони и одлуки дури и од државните институции, па никој не презема ништо . Дали беа исцрпени сите можности тоа да заврши на мирен на- чин. Јас сум длабоко убеден дека Министерството за внатрешни работи со иницијатива и знаење на еден потесен круг функционери, државни функционери за партиско политички цели организирале таков трагичен настан се со цел да се амортизира негативното расположение акумулирано поради усвојувањето на законот за знамињата на националностите и од друга страна да се дели лекција на еден политички субјект кој неодговорно кажувам дека ветуваше политички паралелизам и тн. Значи никој не може да ме убеди дека е реалната цел на интервенцијата беше да се симнат знамињата. Мислам дека самиот факт што после неколку дена се донесе законот за знамињата на националностите, за употребата на знамињата на националностите, сметам дека ова се поткрепува како аргумент.

**МЕРСЕЉ БИЉАЛИ:** (продолжение)

Секако, тука одговорноста не можат да ја избегнат пред својот народ и одделни челници,особено партиски челници, а тоа е уште еден маркетинг врз грбот на својот народ и така придонеле да се дојде до таа трагедија и ова мора јавно да се каже. Мислам дека, неколу луѓе се толку неодговорни што дури и не ги поштедија своите партиски колеги кои сега неправедно се држат во затвор. На секого е јасно дека не може било каква структура да го води народот, особено не во оваа фаза, за да се води народот сметам дека е повеќе од потребно умерен пристап, паметен пристап, доста знаење, комуникативност широка кадровска структура и пред се одговорност. Добар политичар никогаш не дозволува некој да му го истепа народот, дури и во ситуации кога на прв изглед, изгледа се мисли дека се нема излез од една ситуација. Сметам дека добар политичар мора да се изнајде и мора да ги најде сите тие вентили за да се надмине состојбата на неграгичен и нормален начин.

Аргументите се следните. Се поставува прашањето што барала полицијата понатаму, откако ги симна знамињата, кои беа пред Советот на општините.

Второ, зошто политиката не го симна и државното знаме и провокативно го остави да виси и понатаму, иако билод а се работи за извршување на одлуката на Уставниот суд, било да се работи за почитување на закон, сосема логично ќе беше да се симнат сите знамиња. Само по наша интервенција два дена подоцна беше симнато и државното знаме,

што покажува дека одредени структури сносат вина за тоа. Заклучок од сето ова може да се каже дека на некого тоа му било потребно како партиски цели. Оттука, се поставува едно мошне круцијално прашање, а тоа прашање е ова. Дали некој што ја води државата врз чувствителните државни сегменти, дали има партиски пристап или партиски резонира или има државнички пристап односно државнички резонира. Ако некој кој ја води државата што посебно има одговорност за виталните сегменти на државата кон постојните проблеми што ги има и ќе ги има, има партиски пристап, јас сметам дека тој воопшто и не заслужува да ја води државата и сосема неодговорно се однесува пред самата држава, пред самиот народ и перманентно таквите ситуации завршуваат катастрофално и за државата и за граѓаните и за националните заедници итн. Мислам дека на тие државници, кои кон постојните проблеми имаат партиско редонирање лично сум убеден дека нив не ги интересира својот народ, нив ниту државата, туку исклучиво ги интересира власта. А перманентно таков начин завршува трагично. Сметам дека изнад било кој партиски интереси објективно ние треба да се сложиме што првен ставено етничката толеранција, разбирање, доверба итн, кои сега, за жал, се сериозно нарушени. Тука според мене, се две структури виновни за трагедијата во Гостивар и тие сносат различна одговорност.

Првата структура е самата власт и Министерството за внатрешни работи, која со кршење на законите, на Уставот сакаше да ги казнува, условно кажано, некои , кои што настојуваа да не почитуваат одлуки и или кршат закони.

Второ некој челници кои со неумерени изјави, со незнаење со непознавање на политиката или други цели, маркетинг итн. дале повод за таквите трагични настани. На оваа целокупна трагедија, за мене не може да се објасни како голем број од една политичка структура, која се

повикува на некои повисоки национални цели се стави во служба на полицијата, се со цел народот да го изведе пред полицијата да се постигнат одредени програмирани цели. И сето тоа да го плаќаат невините граѓани, недолжните граѓани во Гостивар. Што од сето ова? Мислам дека повеќе може да се каже сите во Македонија изгубиле.

Прво, тука длабоко е изгубена довербата помеѓу граѓаните и сега е сепак помал бројот на тие кои мислат дека соживотот во Македонија е можен. Значи, преовладуваат некои поголем скептицизам во овој аспект.

Второ, несигурност кај сите граѓани без оглед на националност за судбината лична, семејна итн.

Трето, меѓународната слика на државата, која сосема сум сигурен дека е темна. Тоа може да се гледа и од ставот на ЕУ во однос на збиднувањата во Гостивар, а и ставот на генералниот секретар на 00Н.

Четврто, ние секогаш декларативно се изјаснуваме дека странските инвестиции се пожелни во Македонија. Се прашувам кој паметен странски инвеститор кој треба да инвестира во некоја зобна која дава повод да се мисли дека е многу нестабилна. Значи, тука сме помалку или повеќе сите губитници.

Ставовите на ЕУ и на ген. секретар на 00Н потполно се совпаѓаат со политичката ориентација на партијата за демократски просперитет која се ангажира по пат на инвестициите системот и дијалог да се решаваат сите прашања. Исто така, тој став се совпаѓа и со нашиот став за длабоко пречекорување на овластување на полицијата, дури и за тешко кршење на законите и за постење на кривична одговорност на луѓето кои го водат Министерството за внатрешни работи,особено тие во

оперативата. Одговорноста на мистерот тука е неминовна. ако добро се сеќаваме тој пред неколку години водеше некој комитет на правата на човекот или форум итн. и тоа е добро, меѓутоа, претставник на таков министер да излезе со ваква информација кога сите и домашната и странската јавност видеа дека се работи за драстично кршење на човековите права и тоа да го поддржува и да не чувствува ни трунка морална одговорност тука да поднесува оставка, без оглед на тоа што став а, политички став имаат одредени структури, сметам дека не треба коментар. Дури ако смее да им се верува на некои информации од еден весник на луѓето кои веќе кажав дека има тешки елементи за кривично дело, им се подарени пиштоли и тн. тоа уште повеќе кажува за свеста и совесноста наша.

Од оваа говорница кч го прашам министерот врз кој закон е можно граѓанинот кој не пружа никаков отпор да се истепа до бесвест, да се малтретира до бесвест. Врз која основа и на кои закони граѓанинот кој случајно се нашол, дури имаме такви состојби и состојби кои граѓанин тргнал, болен граѓанин тргнал за во болница, па го сретнала полицијата и го малтретирала до бесвест. И врз основа на кој закон можат граѓаните да се транспортираат, недолжните граѓани да се транспортираат до одредени подруми., локации, за да се малтретираат исто така и да се тепаат до бесвест. Барам одговор на ова прашање и дали ова не е кривично дело.

Исто така, од оваа говорница ќе поставам и едно друго прашање кое сметам дека требаше Повеќе одговорност на Владата па и до другите структури, зошто ни ден денеска немаме никаква иницијатива за еден научен пристап на меѓунационалните односи во Македонија, за реалноста во Македонија, па врз основа на тие научни сознанија да можеме да Изградиме и политичка ориентација, а и правна конструкција

за да можеме безболно да ги решаваме круцијалните прашања кои се евидентни.

Прашањето на Албанците во Македонија сметам дека не е само политичко, туку првенствено е економски и социјално. Веројатно, ќе се запрепастите ако ви кажам дека, според нашите сознанија дека 70% од способните луѓе, активните, кои можат да работат, немаат никаква работа. Какво резонирање можете да барате од нив. Државата бара само лојалност, ама тешко да се бара лојалност од граѓаните, кој е главен и кој нема ништо, кој нема работа и кој не може да ги обезбеди виталните егзистенцијални проблеми. За да не се случуваат во иднина такви проблеми, предлагам, прво, Владата да иницира еден научен пристап за сите проблеми, меѓунационални проблеми и состојби во РМ. Предлагам што побргу да се оживотворат определбите од Декларацијата за меѓунационална толеранција за дијалог на сите прашања за остварување на ефективната национална рамноправност, како што стои во Декларацијата. Исто така барам да се материјализираат определбите од рамковната конвенција која предвидува рам ноправност помеѓу мнозинскиот и малцинскиот народ, како што стои во документот за сите прашања и во сите сегменти, особено исто така како што стои во сегментот, економскиот политичкиот, општествениот и културниот живот. Со тоа ќе завршам и благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДНАИ:**

Една народна поговорка вика, г-дине претседателе, почитувани колеги, умно е за тешки теми ладно да се разговара. Проблем е дали може да се издржи во тоа и колку кој има сила за тоа. Ќе се обидам некои работи од една друга призма да ги погледнеме, зашто описот и со слики

и без слики сите знаеме, мислам колку овде евентуално да проектираме филмови истото ќе биде. Сепак, по мене акцијата на 9 јули во Гостивар и Тетово е голем настан, би додал негативен во државата, но настан кој може, еве да употребам и таков збор и да опаметува и да распламтува, зависно од тоа како се гледаат причините случувањата, последиците од страна на разни чинители.

Мислам дека се опаметува ако се признае дека се направени неколку институционално и некои вон институционални грешки и чекори, кои што на еден или друг начин или придонесоа, или го доведоа до ескалирање на состојбата.

Ќе распаметува ако совладува триумфализам во смисла еве како треба да се постапува со шиптарите, како што се вика обично, во Печатот не многу наклонет кон Албанците од една, или ако се појават знаци и постапки на уште поголем радикализам од другата страна. Во секој случај гостиварските настани се голема човечка траума на роднините на; загинатите, малтретирани со можни физички последици. Тоа е некој вид психички шок кој сеуште владее во Гостивар и пошироко од него. Пред се, мислам дека треба да се подвлече дека голема политичка штета за државата и тоа како општествен, политички и психолошки феномен, па дури и како тест, за кој и пред себе сме исправени со прашање, но уште повеќе други се прашуваат за нас, способна ли е Македонија тоа да стане држава на сите нејзини граѓани и слободни ли се сите нејзини граѓани да станат неодвоив интегрален дел на држава Македонија.

Штетата е во тоа што ова круцијално поставено претходно прашање пред себе и светот повторно на најдраматичен начин го ставивме и прашањето пред сопствената совест, особено на оние со, да кажам условно, лабилни и илузионирани политички координатни, но и за

и ја збунивме светската јавност со степенот на неодмереност и нетолерантност.

Но, дозволете накратко да ги маркирам најважни, по мене вонинстнтуционални погрешни чекори и некои битни институционални грешки кои доведоа до или барем ја ескалираа состојбата да дојде до настаните во Тетово, особено во Гостивар.

**ХИСЕН РАМАДАНИ: (**Продолжение)

Проблем е концептот на локалната самоуправа. Во цела Македонија постои отворен расчекор помеѓу централна и локална власт при што центарот не ја смета за власт и не и дозволува, така да кажам, да биде власт таа, локалната, додека локалната, локалните органи настојуваат да изигруваат власт и надвор од законските рамки иако за тоа и самиот закон е виновен. И тоа во цела Република. Меѓутоа, во Западна Македонија особено во општините каде што преовладува албанското население и каде што преовладуваат во изборните органи Албанците во локалната власт овој судир поприма меѓунационален карактер.

Еве, го гледате едно од многу сликовитите места и форми и чувствително подрачје за борба на нашите екстреми. Нивна формула по се изгледа вака: едни екстремисти ќе кажат ако на централна влас владее македонократизам, ќе го употребам тој термин фигуративно за да биде појасен, во локалната власт нека владее таква какво што е мнозинството што би значело таму каде што се Албанците албанократизам.

Другите екстреми викаат, на Албанците, како што обично викаат на шиптарите, никаде и никаква власт. Тие се повеќе ризичен фактор за Македонија отколку корисни. Не: го кажувам ова само зарад настанот, заради општествена свест која постои. (од говорницата му се обраќа на некој пратеник) Има нешто смешно?

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Ве молам.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Сите носиме вина што со вакви веќе на виделина манифести- рани појави и екцеси форсирани од некои јавни медии ние во таа борба сеуште не истапуваме со јасна платформа која што ќе биде заснована и

на одредени системски мерки, но и за системски мерки од образование до сите сфери во животот, не само во политичката сфера и тоа со платформа дека нема поделба на Македонија на македонократисти и албанократисти. Македонија е можна и ќе биде постојана како државна заедница на рамноправни граѓани и ентитети со урамнотежена улога на сите според демократските изборни резултати во согласност со Уставот и законите.

Се разбира, секој од нас градењето на системот и неговите механизми не ги гледа статично и непокретливо. Сите се тие динамични и треба да се градат согласно со градењето на општеството. Според тоа, во ништо и во ниедна сфера не застанува животот со еден закон и со едно правило, во тоа треба да се измени и да се одвива во демократски регуларна процедура.

Вториот момент за погрешни исчекори сеедно дали се институционални или неформални е односот кон симболите, и во политиката и во правните норми врзани за нив. Првата треба да се, знае и разбира дека знамето кај Албанците е голем симбол со ретко би рекол неповторлива историја и традиција, и тој симбол навистина никогаш не бил врзан само за државата. Албанците имаат многу нешта што ги обединуваат и што ги делат. Но навистина националното знаме е сигурно најтранспарентниот знак за нивната емотивна врска и духовна совпадност. Тоа е некој историски тек или случајност, но тоа е историја. Но тој симбол и неговата употреба во историјата не бил користен никогаш како транспарент уперен против други, како симбол на отуѓување и спротивставување на другите. Затоа факторите на Албанците во Македонија должни се да настојуваат тоа право на употреба на знаме да ги продолжи традициите на зближување, а не на отуѓување со луѓе1: со кои заедно живеат.

Овој голем национален симбол, неговата употреба да ја вградат како функција за себе потврдување за зближување со другите, пред се со Македонците како функција на соживот, разбирање и толеранција. Таквата функционалност бара градење и на однос, цврст кон државното знаме на Македонија, неговото континуирање на државно знаме на албанците во Македонија. Според тоа, концептот е јасен, Албанците имаат национално знаме како симбол на нивниот ентитет во Македонија и имаат државно знаме како симбол на државната припадност и определеноста, а тоа е знамето на РМ. Таа симбиоза на симболите не ја омаловажува вредноста на ниеден од нив туку ја истакнува албанското општествено битие како интегрален дел на Македонија и нејзината државност.

Другиот проблем е во прашањето, може ли за големи, непроменливи национални вредности одлука да донесе раководство на една или на повеќе општини или на една, да речам, партија иако ние, право да кажам, немаме партии, имаме партиски олигарии, по мене, не мора да се сложите со мене. Според тоа, може ли една партиска или општинска олигархија да донесе одлука за начинот на употреба на знамето без да консултира пошироко членство од другите политички култури, институции, чинители, па и народот и тоа, или тоа да го наметне како прашање на партиски престиж, па дури со услов кое по или помалу патриота.

Не е грешка само во узурпација на едно општо право за голема вредност туку и за низа грешки правени во од политички, кој после создадоа можност и маневарски простор за низа контрамерки, исто така, незаконски мерки. Се работи за тоа дека нормирање на правото на општите симболи не е статутарна туку законска материја. Затоа беа потребни пошироки правни политички консултации за приодот кон оваа материја и во таквата атмосфера и акција верувам дека и нормите во

донесениот закон за знамињата на националностите ќе беа пополни и со поширока димензија.

Особена грешка по мене направија поединци, политички субјекти со своите парадирања, фалби, мислам воглавно кражби за божемни кризни штабови со божемни одбранбени механизми за знамето итн. со што ја загреаја атмосферата на еден вештачки начин. Сето тоа и донесе голема штета на политичката активност на Албанците во Македонија и сигурно е дека е на штета на албанскиот интерес во Македонија и пошироко.

Уште поголема грешка и поголеми штети и нанесоа на Македонија непромислените мерки на одделни органи во акциите и во врска со истакнувањето и симнувањето на знамињата. Јас еднаш, што не е препорачливо да се каже, но ќе кажам, дека со својата одлука Уставниот суд направи правен превид и политичка грешка. Правниот превид се состои во тоа што не постоеше уставна и законска основа за императивна одлука за симнување на знамињата. Одредбите во статусот односно во судот можеше да речам одредбите на статутот на општините што ја регулираа оваа материја и да донесе упатна препорака за донесување на закон за знамињата, бидејќи постои правна празнина. Вака Уставниот суд се поведе по написите на печатот настроен антиалбански би рекол во еден дел, и донесе одлука заснована на Уставот, односно уставнио1 амандман од 1989 година, а спротивен на актуелниот устав. За оваа реченица проверив и некои уставни стручњаци, нема смисла овде да ги спомнувам, но ако треба ќе ги дадам таму каде што треба. Јас морам да кажам дека во историјата на нашето судство ова треба да се забележи како негативен преседан и одлука која доведе еве, рековме, тешки последици, а укажувам нема законска и уставна основа. Со тоа ви реков воедно дека не се слагам со тезата дека за одлуките на Уставниот суд нема расправа. Тие само се спроведуваат.

Се расправа и кога мора да се спроведуваат за да не се повторат грешките, сигурно не се враќаме повторно на некои политички боженства кои се неприкосновени, Мора да се каже дека погрешиле, а другиот пат ќе видиме.

Втората грешка е времето избрано за спроведување, еве да речеме, и јас сега, на одлуката за симнување на знамето која по севкупноста на акцијата не изгледа дека е само тоа. Прво, затоа што одлуката на Уставниот суд се спроведува повеќе од два месеци од нејзиното донесување, што значи дека ажурноста потребна за нејзиното спроведување е далеку надмината и второ, што таа се донесува односно акцијата се презема неколку часа по донесување на законот, кој што требаше како што тврдевме сите да воведе сепак некој ред во ова.

И, самата акција отвора многу, многу прашања, што се сакаше со тоа, затоа ја доведува во прашање самата основна цел која се наведува дека била во акцијата симнувањето на знамињата^ Ако е, да речеме, во прашање да се дисциплинираат непослушните по општините бидејќи ги пречекоруваат своите овластувања, тогаш господо да ви кажам во цела Република е таков случајот со општините. Ниедна општина во Републиката не се држи за рамките кои што се дадени во законот за локална самоуправа или воопшто не функционира. Не знам кое е полошо. Реков, законот исто е за тоа крив, но тоа е состојбата А примена на ова само во еден дел на Македонија, значи во еден специфичен дел во Македонија тогаш нормално побудува размислување за други цели кои не се врзани за самата основна цел. И, овде некој ги наброија, меѓутоа, мора да се има предвид дека акцијата по својата форма на спроведување и начинот на изведување, времето итн., остави впечаток дека е атак на локална самоуправа таму каде во локалните органи не преовладуваат или преовладуваат немакедонци. Остава впечаток сакаме ние, вака го браниме, онака, таков впечаток остава. Оти целата

акција не беше врзана само за самиот предмет наречен како цел, туку беа пошироки мерки.

А, најболно и најтешко господа од сето како што најголем дел на дискутантите на тоа се задржаа, јас мислев дека тоа,;ќе биде и од другите доста експлоатирано беше самата акција и нејзината динамика, нејзините последици. Јас не би се задржал многу, еве да ви кажам, само на две слики како јас за цело ова време, за овие 50 ден го доживувам тоа.

Првата слика е следна кондиционо момче, силен дечко, максимално вооружен, максимално исфрустриран, во грч на омраза трчи кон човек кој е максимално пасивен, стар, немоќен. Министерот навистин треба да ги гледа тие слики сам, интелектуално да го напушти ова што го работи, и што му била задача тој ден. И, сега веднаш таа слика ми побуди друга слика како се подготвил тој човек, како дошол до таква своја физиономија и такво свое чувство, таков свој гнев, со што е набиена, со што е вметната, кај него толкава негативна енергија насочена кон одредена цел. Како може да дојде до тоа.

Нека ме извини министерот, можеби не е тоа моја слика, ми се учини како маскота на неговото вежбање е тој Албанец таму што му седеше и тој него го најде. Свеста му е така формирана. Многу ми е жал што кажав, но живеам со тоа 50 дена. Речете како сакате но живеам и болувам со тоа. Таа слика би сакал да ја надминеме, а морам да ви кажам ако не ја надминеме тешко нас. Тешко на нас морам да ви кажам. Таа слика не може да не всадува чувства да не стане расадник за негативни чувства.

Втората слика е малце поинтимен и ќе ја кажам бидејќи министерот одамна ми е и познаник и почитуван, во некое време не сум можел, но да сум можел би сакал и би му помогнал тогаш. Но, го почитувам од тоа

време, но таа слика пак мачна оти во јавните настапи со оглед на настаните и на се што се случи, е многу мирен и многу, условно да кажам, весел, некои велат ироничен, јас не сакам тоа да го кажам, но многу безгрижен за состојбата која навистина и него го доведе во тешка состојба и Републиката и граѓаните. Јас морам да кажам дека го делам мислењето дека не мораше да се случи и Албанците се надевавме,не ме лаже чувството и тие што се лоши ќе смогнеа сили ние да го премостевме овој случај на друг начин. Ние имавме неколку шанси при раце. Прво се донесе закон, второ, наскоро идеше празник. После празникот сите знамиња се симнуваат, како што се симнаа и пред тоа.

Второ, мислам дека се направи еден историски пресадан за кој ќе треба да размислиме како ќе го пребродиме. Министрите Албанци г-дине министре ти се колеги, ако не им веруваш, не ти веруваат, не седите заедно. Нема смисла, Нема смисла. Ова; не го кажувам затоа што сум лљут, иако сум, го кажувам за утре мојот внук и твојот внук пак ќе седат заедно. Тие мора да одлучат и за добро и за зло па нека седат 10 ноќи затворени, дури не одлучат, без излез.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:** (Продолжение)

Се надевам дека ме разбира бидејќи му се обраќам на еден интелектуалец, а не само на полицаец.

И сега, последното или она што нешто загатнав. Вие видовте пред неколку месеци од Институтот за етнички односи каква анализа беше направена за училишните програми и за одразите во свеста на децата на тие школски училишни програми: Видовте како тие програми и нивното изведување, сакале или не сакале, внесуваат негативни чувства кај децата при изјавите која нација ја сакаат, која ја мразат, која најмногу, која најмалку. Видовте каква ни е состојбата. И морам да кажам, тоа не е за пофалба. Но сепак, малку сум посреќен бидејќи од мојата националност помалку се изразија антимакедонски, отколку Македонците антиапбански. Меѓутоа, многу Македонци се, над 40%, тоа е голема бројка, нација која најмногу се мрази.

Според тоа, нам ни треба од училиштето, но и до вашите школи, господине министере, програмите да ги измениме. Програмите треба да бидат насочени кон одредени екстремисти, односно деликвенти, но не деликвентноста после да се стандардизира според припадности.

Уште еднаш ја повторувам таа реченица што пред малку ја кажав: ако овие чувства, доколку така се присутни, како што навидум изгледаат и некои статистики кажуваат, не ги надминеме брзо, ви кажувам дека не ни се пишува добро, а јас бидејќи сите ве сакам и сите луѓе ги сакам, а и сакам посебно добро на Македонија и на сите нас, сакам тие чувства што побрзо или на некој начин организирано да се бориме да ги надминеме, за да се доближиме еден до друг.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор господинот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван потпретседател, дами и господа пратеници, многу време расправаме за оваа материја по оваа точка и мислам дека имаме право и обврска да расправаме не еден ден, туку ако треба и еднаш недела за се она што се случило за да го најдеме изворот од каде дојде. Ние или н езнаеме ништо или се знаеме, па се правиме дека не знаеме ништо. И само зборуваме за информацијата, зборуваме за тие сувопарни податоци, милиметарски опишани, калибар ваков, калибар таков и не знам што, не знам какви куршуми и не знам како се викаат тие, освен револверот што го поседувам не знам другите како се викаат. Само околу тоа разговараме, а за изворот не сакаме да кажеме ништо, зошто дошло до тоа, зошто тој ден, односно претходно дошло до тоа. Ако сме свесни и ако знаеме дека пред извесно време овде низ улиците маршираа и студенти и ученици и мали деца. И зборуваа и истакнуваа пароли против албанското население односно албанските студенти околу Педагошкиот факултет, тогаш мора да знаеме и да им оддадеме признание на студентите Албанци што не излегоа на улица, зашто можеше да биде сешто. Можеше да дојде до граѓанска војна. Кој ќе беше виновен тогаш? И овде колегите мои, братучеди Албанци зборуваат само за себе, за Албанци, Турци. Каде се Ромите. Ромите на страна ќе бидат? Од каде ќе бидат тие? Каде се власите? Некни на 2 август онаму за еден еминентен човек, една партија се изрази - тој е Влав, ќе ни држи предавање овде, ќе не учи итн. Значи, состојбите се затегнати. Кога ќе дојде до најлошо, еве да чукнам вака - тогаш нема поделба, ова е мое, ова е твое, овие не ги закачаме затоа што беа мирни или се мирни.

Тој ден кога се случи таа работа, јас не бев овде во Македонија. Бев во Берлин, таму разбрав што се случи. Ни тогаш, ни кога дојдов овде, ни сега, ни утре, ни на оној свет нема да го оправдам она што се случило, да се тепаат недолжни жени и деца и старци. Не може тоа да биде. Тога е божја казна. Како можело да дојде до тоа. Како да примиле инекции луѓето па да тепаат, незнаеле што прават. Тоа е срамота и гревота, не чини тоа.

Меѓутоа, мораме да се вратиме малку наназад. Можеби ќе ви бидам малку здодевен, но да ви кажам дека Европа сум ја прошетал убаво, во Франција сум бил 14 пати. Таму секое гратче и секое село така се поделени што претставуваат локална самоуправа. Да се појде таму, А ла Вилаж", тоа значи поголемо од Куманово, тоа значи со убави патчиња, со убави магистрални патишта, со зеленило, урбана средина и се што им треба и еднас фабрика со 700 - 800-900 работници. Ама тие немаат оружје. Ова никој не го кажува. Мораме да кажеме што е.

Јас овде поставувам едно прашање дали постои кај нас во РМ еден став или една болест, неизлечива болест, дали сметаме дека независноста на РМ, териториjалниот интегритет и суверенитет, па и индивидуалитет, неповредливоста на границите и целокупната РМ е во прашање. Дали била во прашање, па може тоа да биде, и сега дали е во прашање и дали е точно дека Западна Македонија, граѓаните, односно Албанците сакаат да се отцепат. Дали е точно тоа? Ако е точно, тогаш треба да разговараме и за таа тема. Тогаш има начини како да дојдеме до одредена цел да ја кажеме таа вистина. Јас ова го прочитав денес во еден весник, незнам колку е точно, незнам што мисласт луѓето, што се договарале. Меѓутоа, да ви кажам дека апсолутно се согласувам со нешто што го предложи колегата Хисни Шакири, и морам да ви кажам дека ми беше многу срам денес што слушав такви изрази за РМ, за нашата држава, што со 300 маки ја створивме 1990 година, кога бевме сите од оваа страна и некои од оваа страна за РМ, за националностите и нивните права, кога овде останувавме до 4 часот изутрина, се работеше за националностите и успеавме да створиме, таков Устав да донесеме што ќе ги обезбеди правата на националностите. Какви се такви се во овој момент, понатаму ќе видиме. Уставот е жива материја и ми е жал што денес слушав што РМ е таква, таква и таква, тие лоши зборови некој да ги каже.

Значи, јас се согласувам со предлозите на г-динот Шакири. Мислам дека имаше три предлози заради народот, заради генерациите, да не страдаат генерациите. Па и пред мене уважениот колега што зборуваше имаме деца, ние сме веќе дедовци, има неколку луѓе овде дедовци меѓу кои м и јас, но има и една друга работа. Ние ќе мораме да им кажеме на

пријателски, братски начин, што би се рекло едно време другарски, тоа ПДП и ПДПА односно како се вика по ново Демократската партија на Албанците: што ќе ви оружје, бре луѓе? Предадете го оружјето! И мир во Македонија. Живееме братски, се развиваме нормално, ќе мислиме за утрешнината, ќе градиме фабрики за да ги вработиме луѓето, да живееме подобро. А не секој - што мислите, некој од вас се плаши таму, мисли од Источна Македонија некој не се плаши? И тие се плашат, да не дојде до она, до судирот. Не ви треба оружје. Предајте го, како што прават сега во Албанија. Мислам дека тука лежи зајакот. Ако тоа се спори, РМ ќе цути.

Денес пишува ПДП ќе биде против Албанците, против своите, од прилика така нешто, што не може да биде. Не може да биде. Меѓутоа, сакаат така да ги наместат работите, за да може ние овде да се искараме убаво и тука да излеземе засрамени пред народот, уште денес. Јас мислам дека целата работа и целиот проблем околу тоа се врти. Се согласувам, значи со предлозите на г-динот Хисни Шакири и имам уште еден предлог, не ни треба оружје, против кого ќе се бориме/ Предајте го оружјето, да оди во касарната, нашите деца таму служат за одбрана, ако некој од надвор не нападне, колку може толку да се одбраниме и да го одбраниме ова парче земја, за да може мирно да се развиваме. Добро што рекоа некои, па ние сме критикувани. Денес во претпријатието "Младост" ме критикуваа: вие земате ли плата, ние не земаме незнам колку месеци плата. Не земаат плата луѓето. Социјална помош не земаат. Лека полека, отмено пропаѓаме, како живеевме отмено, така отмено пропаѓаме. Ајде да мислиме на нив, на економијата да мислиме, а не да мислиме како ќе се вооружуваме повеќе. Оставете го вооружувањето. Дајте да одиме братски и овде да расправаме за законите, за правна држава, да ја градиме државата утре нашите деца да живеат подобро.

Мислам дека сум многу директен во своите кажувања, иако добив епитет уште 1993 година кога еден новинар во Вечер" напишал меѓу другото "кронично мирољубивиот Абди"Па да, јас сум мирољубив. Што треба да правам овде? Братучеди, наоружете се што повеќе, а јас ќе ги наоружам моите, ќе се испоколеме. Тоа ли треба? Тој што така напишал, малку на канција незнам што новинар е тој. Нема смисла да навредува,

никогаш не сум навредил никого, меѓутоа, ако кај сите нас владее таа хронична мирољубивост, тогаш ќе го тргнеме ѓаволот од нас. А ѓаволот е она јас што предложив, тоа тргнете го.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор господинот Бранко Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Јас ќе настојувам, како мојот пријател Фаик Абди што беше краток, да направам една кратка дискусија. Морам искрено да ви кажам, господа пратеници, дека сум прилично разочаран од пристапот кон оваа информација и еден некритичен однос кон самите себе. Мислам дека тој негативен набој кај сите нас пратеници, тоа малку се доближува до нарцис типовите, па велиме дека сме вљубени сами во себе, многу знаеме и сме многу исправни, ама сето она што го први другиот тоа не е добро, но ние што го правиме е супер. Тоа ме разочара комплетно и лично сметам и ние како пратеници можеби многу пати овде во самите дискусии не се контролираме доволно или свесно тоа го правиме за да создаваме конфликти, да шириме лажна демагогија, да водиме политиканство и се она што е негативно и да правиме конфликти меѓу граѓаните што живеат во Македонија.

Лично сметам дека на овој парламент сакаме да му ја измениме својата функција која ја има во целина. Иако сме законодавен дом, меѓутоа, гледате, дека наметнуваме политички информации, наметнуваме уште некои други работи кои не во интерес на граѓаните. Лично сум убеден дека ова што го спомна господинот Абди, и ќе не радува сите и претходните дискутанти што дискутираа и некои после мене што ќе дискутира, да дискутираме за вистинските состојби во Македонија. И да знаете дека нашиот граѓанин е доведен до позиција како ќе ја преживее зимата, на кој начин ќе си купи огрев, како ќе набави

книги, на кој начин ќе направи напори едноставно да преживее. Жал ми е што никој од претходните пратеници тоа не го спомна, туку се бави со политиканство, полицијата тоа направила, ние направивме ова, ние направивме ова и тн. Ако ја сметаме оваа полиција за наша, за македонска која треба ги штити интересите на секој граѓанин во РМ. Ќе ви направам една споредба. Оној ден разговарав со еден Албанец бидејќи имам голем број пријатели Албанци, бидејќи јас во мојот живот никогаш не разликувам луѓе по национално обележје, туку ги разликувам по нивните потреби и тоа можеби е квалитетот да можам да општам со сите и да не правам никакви разлики во тоа дали си Албанец, Македонец, меѓутоа, ако не се покаже дека е Албанец, јас неможам да го разликувам дали е Албанец, Македонец,. Бугарин, Србин, Германец и тн. Ние сами се диференцираме ]ас сум голем Албанец, а пак јас сум голем Србин, голем Македонец и тн."и сето тоа не прави големи, меѓутоа, на штета на самите граѓани. Тој вака ми рече: & бре Бранко, тие во Парламентот многу полемизирате, а ништо не размислувате за земјоделството како да ја продадам пченицата, да дојдам до некои пари да ја преживеам зимата. Само тоа. Вие кумановските пратеници никогаш не спомнавте како да го продадеме тутунот, како да произведеме повеќе тутун, како да ја обезбедиме цената, како водостопанството да има уште пониска цена" Меѓутоа, ми падна напамет да дискутирате за политиканство и мислам дека тоа е штетно, крајно штетно ако така отпочнеме и јас правам една вкупна анализа: од моето присуство во овој Парламент од 1990 година па наваму, во Македонија се случија низа настани. Тоа беше во Струмица, Радовиш, Бит пазар, Струга, Велес, па еве сега се случи тоа во Гостивар, и за жал, да ви кажам најискрено ниту еден пратеник и во тоа време, па и сега според дискусијата што ја слушам се сме некако негативно определени да ја критикуваме полицијата. Тоа е често, тоа е чудно нешто. Дали тој синдром е личен или каков е таков е, дури мене ме плаши што е ова сега да ја критикуваме полицијата. Дали сакаме да бидеме ние ептен големи демократи, слободни граѓани, да ги уживаме сите права, меѓутоа, најверојатно сакаме да ги уживаме правата, ама да немаме никаква обврска. Знаете колку е тоа парадоксално и штетно. Мислам дека во тој контекст треба да правиме напори и тука малку да направиме да си ја почитуваме полицијата, заради тоа што таа е истата која не штити сите

нас граѓани. Еве, во последно време дискутираме и со полицајците, оние што работат во оваа област. Многу се демотивирани од нашата работа односно нашата активност која ние ја извршуваме овде во Парламентот и често пати се доведуваат во ситуации како да ја извршат нивната задача.

**БРАНКО АРСОВСКИ:** (Продолжение)

Колку сега кражби има? Колку има проневери? Колку има се она што е присутно како патологија во овој систем, меѓутоа гледате, нема крај на тоа. Ако некому во куќата влезе, му ја опљачка, тој бара заштита од полицијата. Меѓутоа, ако полицијата појде во позиција да го заштити, тој другиот вели полицијата е многу агресивна, некоректна кон мене и немаме добра полиција. Ако така одиме мислам дека е крајно некоректно, дури многу штетно и мислам дека треба понатаму ние како пратеници уште да направиме една самоанализа на самите себе дали некогаш ние не грешиме и не ги потпалуваме состојбите во регионите во кои живееме и тн.

Конкретно сега за настанот во Гостивар, го сметам како и сите други настани во Републикава што беа присутни. Нормално, манифестацијата, формата е сосема поинаква по содржина и цел, меѓутоа основно е дека државата мора да воведе ред да се смета како една правна држава која на некој начин ќе ги доведе во ситуација сите граѓани да ги почитуваат сите закони донесени од овој Дом што се исто така во функција на сите граѓани.

Можеби во Гостивар сите граѓани не го направија тоа што треба да го направат. Има граѓани кои не сакаа тоа да то направат. Меѓутоа, јас се плашам од еден политички елитизам. Опасно е ако сметаме дека во тој политички елитизам само тројца или петмина од политичката партија како функционери можат да направат се и на граѓаните да наметнат она што мислат тие.

Искуството во бившата Југославија и настаните што беа присутни во бивша Југославија дадоа за право да дадеме една негативна конотација во тој дел односно констатација, затоа што јас апелирам и до граѓаните до сега ниту еден лидер на партија ниту некој до него не настрадал. Се уште добро живеат, возат добри коли, имаат добри куќи, добар капитал а се спомнува и надворешен капитал. Обичниот граѓанин е во позиција да загине, да го упропасти своето семејство, да го поместуваат од едно место на друго место.

Тоа се случи во Босна, тоа во Хрватска, во дел на Србија итн. Ние мислиме дека, елитата, за да се заштити себеси, групацијата, дава една лажна политичка демагогија и во тој контекст добро живее но му страдаат луѓето. треба да ја измениме својата филозофија во однос на тоа размислување, и нашите обични граѓани, почнаа да не препознаваат дека ги лажеме, дека монтираме тоа што не е добро. Верувајте, мојата анкета, нека биде и погрешна, меѓутоа доста добра, од 1000 испитаници, лично моја анкета, покажа дека 90% сакаат да живеат во Македонија, во една помирна атмосфера и политичарите да не ги заведуваат граѓаните, бидејќи политичарите добро живеат граѓаните во овој момент многу страдаат.

Во тој контекст лично апелирам до нас, пратениците да ги коригираме нашите дискусии, да не распламтуваме некои национални омрази итн. Верувајте дека граѓаните повеќе се сакаат отколку ние како пратеници или некои лидери што ги кажувате позициите итн. Да ги оставиме на мир за да можат да ја презимат зимата. Ако не можеме да направиме нешто добро, барем да не правиме лошо.

Камо среќа, во оваа ситуација сега да обезбедиме подобра плата на оние кои не зеле плата, камо среќа за социјалната не да плаќаме сега за април туку да биде за август, за да не дојде поголемиот број на технолошки вишок кој исто нема плата итн., а за земјоделците да обезбедиме подобра есен да можат да посеат а другата есен да пожнеат.

Во тој однос, Ве молам како пратеници, да бидеме толерантни, коректни. Инаку, искрено да ви кажам, тоа науката го докажала, за конфликт не е само еден, потребни се двајца. Јас работам со бракоразводи па некогаш мажот кажува дека се разведува од жената заради тоа што е таа крива. Обратно и жената.

Овде гледам, претставниците на политичките партии од апбанската националност сите се уперени кон полицијата. Полицијата е крива, ние сме сите исправни. Напротив. Дајте тука да ја процениме состојбата. Инаку, ако одиме по технологијата што е генезата на тоа, па феноменолофгијата во тоа, па да видиме што е дијагнозата ќе дојдеме во ситуација тогаш да дојдеме до правата вистина и тогаш самите ќе се

доведеме во ситуација дека сме  неисправни. Можеби историски, ние како пратеници грешиме во некои наши потези.

Апелирам до сите мои колеги да направиме напори да донесеме некои економски закони, да ја принудиме Владата повеќе да размислува за економскиот и социјален развој на државата, повеќе да ја контролираме, повеќе да не ги експлоатираме граѓаните преку трансформација на капиталот на поодделни лица, да ја намалиме разликата меѓу граѓаните со една единствена цел да направиме подобар живот на граѓаните.

Во таа смисла комплетно ја прифаќам Информацијата бидејќи таксативно комплетно ја кажувам претставата, а ние не можеме во детали комплетно да можеме да расправаме во тој дел.

Апелирам, полицијата во извесна смисла да ја заштитиме во интерес на сите нас. Ако немаме полиција, верувајте, ние немаме самосвест, ќе се потепаме самите себе си.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Кадриу.

**ЗЕЌИР КАДРИУ:**

Дами и господа пратеници, господине претседателе,

Ќе се потрудам без оглед што во овие моменти е тешко човек да се снајде и да каже некој умен збор за да може да биде прифатен од сите присутни, а посебно од поширокате јавност.

Директно ќе се поврзам со Информацијата што е предмет на денешнава дискусија. По мое мислење оваа Информација сосема е еднострана информација, Информација за која можам да кажам дека е карактеризирана како една тема направена од еден орган што навистина таква може од тој орган да излезе, а по мое убедување тоа е само една писмена вежба што е потребна еден слаб ученик да добие преодна оценка.

Ги слушнав излагањата на некои пратеници, а посебно на последниов кои по мое мислење има многу право во својата дискусија. Јас сум убеден дека еден дел од пратениците Албанци и нивните искажувања или дискусии до се га барем беа во духот на тоа што ние секогаш тука не ја обвинуваме полицијата туку сме свесни дека полицијата е наредена од одреден орган. Тој орган што го одредува се знае кој е. Ништо немаме против тие кои ја извршуваат таа задача туку против тие кои воопшто не замислуваат дека таквите напори се опасни не само за Албанците кои во конкретниот случај ќе загинат, во конкретниот случај се тепани, во конкретниот случај се оштетени туку и за сите други граѓани кои живеат во РМ и во некои наврати го доживеале тоа што како терор се случуваше во Гостивар.

Од друга страна, ќе се обидам во мојава денешна дискусија да ги изнесам и своите ставови без оглед што во овие моменти е тешко и малку има простор да се избере некој умен збор или изрече паметно мислење.

Го оценивме како добар чекор кога слушавме дека Владата на РМ зазеде став за донесување на законот за употреба на знамињата, што се вели во самиот тогашен предложен текст за употребата на знамињата на националностите.

Таков беше и поранешниот став на Владата а подоцна и на самиот министер за правда кој отворено и јасно пред јавноста кажа дека оваа проблематика ќе се реши со донесување на закон. Но за жал, првиот сигнал беше откако се водеше тука пред нас расправата за овој предлог-закон односно кога се призна амандманот на пратеникот Силјановски и кога се негира околу 40-тина амандмани на пратениците Албанци. Со еден збор самиот амандман на г-динот Силјановски кажува дека законот веднаш ќе стапи на сила и понатаму ќе продолжи со подготвеното сценарио на првиот човек на Министерството за внатрешни работи, како и самиот вели дека во конкретниов случај со граѓаните на Република Македонија спроведува една пракса конкретно од апбанска националност во Гостивар односно како и самиот рече во практиката демонстрирал една американска вежба позната во Светот.

И, што стана потоа?

Во кобната ноќ акцијата почнала, со нормално предвидените сценарија, приведувајќи некои активисти на ДПА во Тетово и Гостивар. Акцијата како што сите знаеме почнала околу 1,30 часот после полноќ за да продолжи понатаму со киднапирање во 3,30 часот на градоначалникот на општина Гостивар г-дин Руфи Османи и претседателот на Советот на општина Гостивар г-динот Рефик Даути од страна на службени маскирани лица. Продолжувајќи понатаму со истото сценарио, провоцирајќи ги скоро сите граѓани на општина Гостивар почнувајќи од 7 часот сабајле.

Во отсуство на претседателот на Државата кој официјално беше во службена должност законот се декретира и потпишува од претседателот на Собранието г-дин Тито Петковски, при што со право се постави дилемата дали г-дин Петковски имал право, како претседател на Собранието, да го гласи законот и едновремено да го декретира законот. Нормално за ова треба да се објаснат некои работи.

Понатаму, цениме дека Уставниот суд не постапил правилно токму затоа што донел одлука за еден закон што уште не минал низ процедурата и не бил донесен од страна на Парламентот. Сите сме сведоци дека немаше закон за употреба на знамињата а Уставниот суд преди тоа донесе одлука. Се поставува прашањето зошто токму ова се прави, од причина што акцијата не им овозможи без донесување на законот и да им дава можност на одредени раководители законот да го применуваат во практика и што не друго понатаму.

Интервенцијата на органите на МВР откри уште еден глобален сигнал поврзан со ситуацијата што нормално беше како таква во Албанија и Косово, што едноставно е и потценување на националните права и слободи на Албанците кои живеат во РМ.

Од друга страна, се манифестира една концептна криза како наследство од поранешниот систем што се манифестираше со интолеранција што за сегашното време мислам дека е опасна и од аспект на неподнесување А нефункционирање на локалната власт и плурализмот што се поврзува со интересите на еден голем број граѓани во одредени општини каде се во мнозинство припадници од апбанска националност.

За жал, што стана понатаму.

Владата и нивните репрезенти беа ангажирани да го бранат нивниот примитивизам со најпримитивни аргументи, насилството, несваќајки дека во Гостивар се преломи Македонија што формално е нарекувана сите знаеме почнувајќи од претседателот "оаза на мирот". Тоа веќе не е оаза на мирот. Се знае, се инсистира да се гради таа толеранција со разбирање и спокојство но тоа се преломи. Се преломи довербата на меѓународниот фактор кој, во секој поглед, на тоа сме сведоци, дека тоа чинело многу да се повлече оваа Држава, оваа Македонија од разновидни кризи и дала предност, скоро во секој аспект, со надеж дека ќе се направи ден на ден и ќе се поправи ситуацијата што како таква нормално не функционирала добро како што треба да функционира една демократска држава.

Во овој поглед деструктивно сум убеден дека делувале и македонските медиуми. Во некои наврати безрезервно го поддржувале и глорифицирале ставот на Владата. Во суштина, тие се подеднакво виновни за злосторствата, слични со синдроми како што знаеме го платиле цехот на колективната мегапоманост и на тој сегмент, на тој тријумфапизам што се отвараше и во суштина претставуваше политичка и граѓанска незрелост истовремено изврши едно обединување на сите апбанци во една голема хомогенизација.

Еден друг, по мое мислење многу важен сегмент што во секој поглед инсистира да се префрли вината од репрезентативната власт кај одредени претставници или право речено кај апбанците за да ги исплашат со разни форми и методи, малтретирајќи, тепајќи и повикувајќи на таканаречени разговори, што значи дека овој напад или, да речам овој груб фронтален атак врз одредени луѓе и активисти од ДПА не е познат никаде во светот а посебно во некоја држава што нормално инсистира да биде демократска, на демократски начин да ги решава проблемите. Тоа е само една гранка од стекнатата пракса и однесување на бившиот систем и диференцијација по национална основа.

Оттука, може да се повлече една позната народна поговорка што често се употребува на ова поднебје дека уште на сме го надминале тоа што било речено од старана на латините "човек на човека волк е".

Причината зошто го велам ова е јасна, кратка, едноставна и конкретна. Тргнувајќи од сето ова што имавме можност да го гледаме,

слушаме, а некои од нас и да го доживееме, навистина и понатаму ќе ни биде тешко да можеме да излеземе од матните води што за жал, некои луѓе што се моментално на власт не се во состојба да ги надминат или да изберат други форми ниту методи ниту средства за да опстанат на власт, па и со најдрастични или снобистични однесувања да го градат својот кариеристички имиџ, па макар и да се прегази и да се пролее крвта на млади луѓе, чесни луѓе, чесни граѓани на Република Македонија кои , сосема јасно и право ги бараат своите права и надлежности, почитувајќи ја тука и љубовта кон сопствените национални симболи, права гарантирани со меѓународни акти и конвенции.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Човекот ако евентуално нема срце, нема хуманост и да не е резултат на крвта и месото, а да не ги чувствува тие масакри, трагедии, завиени со крајно оптоварено националистичко обременување, а после сето тоа не сметајќи дека и тие се деца и синови на некои мајќи, без да се срамат го креваат прстот пред одредени спремни, ако не грешам да ги именувам и крвави џелати и тоа во знак на победа. Што е погрдо и трајно нечовечко, тоа го прави првиот човек на Владата односно премиерот на Владата, а еден ден подоцна и првиот човек на Министерството за внатрешни работи. Навистина изразувам жалење, односно ги жалам еден голем број на чесни маќедонски граѓани кои се на мислење дека во овие простори има место за сите нас, без оглед на нашата национапна припадност или построената партиска струја.

Во поглед на ова, бессомнение дека и чесните други функционери па и чесниот македонски граѓанин никогаш не би се согласил и никогаш не би го дозволил тој луксуз кариеристички да се лансира било каде, посебно минувајќи од злото и крвта на младите невиновни албанци кои веројатно никогаш не би го замислиле тоа на своите врсници македонци и сограѓани на Тетово и Гостивар кои го доживувале еден таков атак и терор. Но, кога се има зло, нормално, има и злосторници а тие се јавни, отворени и верувам еден ден кога ќе си заминат овие темни сили што моментално се на сила сигурен сум дека ќе си го најдат своето заслужено место, нормално пред судот на народот, а да не спомнам дека во моментот го заслужуваат и Хашкиот суд.

Понатаму ќе се обидам да кажам неколку збора за претседателот на Собранието на РМ, кој во еден момент имаше двојна функција, кој го потпиша указот за прогласување на законот за употреба на знамињата на националностите, како прв човек на парламентот, а едновремено и како шеф на државата чудоневидено. Тоа може да се случи само кај нас во Македонија.

Република Македонија во еден момент имаше двајца претседатели. Едниот официјален, г-динот Киро Глигоров кој ја претставуваше државата во Мадрид и Тито Петковски, час пратеник, час, симболично да кажам, в.д. во Скопје.

Сите сме сведоци дека претседателот на Собранието гласаше за законот за употреба за знамињата на националностите, како претседател на Собранието а истиот подоцна го потпиша, ја остави таа функција и во име на отсутниот претседател на Република, овластен, во доменот на потпишувањето го потпишува Указот за неговото прогласување и за претседателот г-дин Киро Глигоров. Всушност требаше без никакви (мајтаплуци) да го потпише законот кога ќе се вратеше претседателот од Ладрид. Но, суштината е во тоа дека во овој поглед кога веќе била спремна ујдурмата од пред два месеци не се почитуваше веќе ниту претседателот на државата, иако тоа законски е многу добро регулирано со член 82 став 3 од Уставот на РМ.

Инаку, можноста претседател на Собранието да ја врши функцијата претседател на Републиката (што значи двојно да ги потпишува указите), повторно претставува правна недоследност, е предвидено во гореспоменатиот член 83 од Уставот на РМ. Во овој случај за нас е интересен ставот 3 од истиот член на кој се повикува и указот за прогласување на законот за употреба на знамињата според кои оваа одредба во случај на спреченост што ја врши функцијата претседателот на Републиката го заменува претседателот, се разбира на Собранието. Самата одредба е јасна, кратка и децидна. Но, посебно е значајна формулацијата "спречен да ја врши својата функција", што значи дека само во тој случај претседателот на Собранието Тито Петковски може да го заменува претседателот на Републиката г-дин Киро Глигоров, бидејќи Глигоров на самитот беше во својство на претседател на Македонија, а не во друго својство, а и не бил, на пример на лекување, што би значело спречен да ја врши таа функција. Не треба да се објаснува дека на 8 и 9 јули тој ја вршел функцијата претседател на Републиката, а според средствата за информирање, тоа го спровел во мошне активен начин, како што и ние сме сведоци.

Имаше информации за тоа, како претседателот на Македонија г-дин Киро Глигоров, дали беше приватно во Мадрид или беше службено и официјално. Се сретнав, каде и до кого стоел односно седел итн. Значи дека претседателот Глигоров ја вршеше нормално својата функција со што ја исклучува можноста на примена на член 82 став 3 од Уставот на Република Македонија. Ако немало основа за примена на овој член тогаш г-динот Тито Петковски, не смеел, по мое убедување, за претседателот на Република Македонија да го потпишува тој указ. Постапувањето спротивно на ова кај цивилизираните земји се нарекува прелом или пуч на државата а пучистите за подолго време заминуваат за леб и ретка чорба од зелка.

Како оправдување не може да послужи ни итноста на постапката за донесување на законот ниту тоа што си замислува од страна на одредени претставници .Имено г-дин Киро Глигоров од Мадрид се врати, сите сме сведоци дека се врати на 10 јули. Тоа значи дека тоа можел да го потпише указот во истиот момент по пристигнувањето односно за помалку, да кажам по 30 часа по издејствувањето на Законот во Собранието на РМ. Вака гледано повторно би била запазена итноста во донесувањето на законот итн.

Ако пак во тие часови ценевме дека Македонија се наоѓа во таква непосредна опасност што ја загрозува нејзината безбедност и можела да се отстрани само со официјализирање на Законот во истиот момент кога е тој изгласан, има ли поголема демагогија од тоа, или повеќе од трајно намерено и тенденциозно однесување. Тогаш, за веројатно најсудбоносните моменти во постоењето на нашата држава навистина била таква , тогаш г-дин Глигоров е крајно несериозен затоа што наместо итно да се врати во Скопје, (бидејќи државата е во колапс), си игра висока политика по белосветските центри. Бидејќи ништо од ова не беше на дело, јасно е ека мотивите за вакво поставување во врска со потпишувањето на указот биле поинакви.

Аналитичарите, барем досега еден голем број од нив велат дека жртвите се со предвидено добро сценарио на г-дин Чокревски, со цел да се сврти вниманието на јавноста од:

а) голема криза и сиромаштија што ја доживуваат граѓаните на блика Македонија, а посебно со девалвација што во конкретниот случај согласувам со претходниот дискутант.

6) покажувањето на цврстата рака на партијата што е на власт заедно со одредени други функционери, што нормално инсистираат своите активности да ги образложат без оглед на тоа немаат право. И по мое убедување строгото и националистичко однесување на Партијата ВМРО ДПМНЕ фрлајќи пепел в очи на чесните граѓани дека со ваков тренд и вакво однесување може да потстане државата, која божем е загрозена од, како што велат некои прогласени херои од типот на оние две најголеми последни што се актуелни кои јавно ги манифестирале победите кревајќи го големиот победнички прст во средба со нивните спремни и обучени полицајци, против невиниот народ во општина Гостивар.

Едноставно ако ова прашање се разгледува малку поинаку, на 6 јули во разговорот на г-динот Црвенковски со министерот за финансии, односно претставникот на Мисијата на ММФ во Скопје, г-дин Роберт Хоркер станало јасно дека денарот морало да девалвира и тоа ни повеќе ни помалку само 16%, во услови на економија што всушност не постои и чија последица се сиромаштијата и бедата на мнозинството граѓани со дополнително намалување на и онака мизерниот стандард на населението, претставува ризичен потег, дури и за партијата што е на власт односно СДСМ. Што значи можноста за масовни социјални немири во Македонија е се поизвесна. Веројатно поради ова било одлучено, се разбира, не во форма направена, ноќта пред јавно да биде соопштена девалвацијата, МВР да ги симне знамињата во Тетово и Гостивар, да се осигура наводно против реакцијата на албанците, што било извршено упат во Собранието на општина Тетово, при што делови од внатрешноста на зградата биле тотално демолирани.

Токму, реакцијата на албанското население што во суштина и воопшто и не било реакција, туку беа намерно нападнати, насисани и испровоцирани не само во своите градови, во своите куќи, дворови, работилници и дуќани, туку пљачкајќи ги и малтретирајќи ги како и во времето на фашизмот, што излезе на површина еден превисок шовифинизам кој треба кој треба да ја покрие девалвацијата на денарот. Тоа веќе е излезено на видело и секој чесен граѓанин веројатно нема да ја проголта приказната сама по себе а тоа е брзината на објавувањето во "Службен весник на Македонија" од 9 јули, ако знае дека Законот е донесен во доцните вечерни часови. Излегува дека во "Нова Македонија"

само чекале г-динот Тито Петковски двапати да се потпише за да ги збрчат машините и потоа првиот примерок итно да му се достави на г-динот Томислав Чокревски за овој час два подоцна да ги прати силите на МВР кон Тетово и Гостивар. Ако не е тоа така, тогаш акцијата на МВР била надвор од овој закон и нема врска врз неговата завршна одредба во која се вели дека стапува во сила со објавувањето во "Службениот весник на РМ. Во тој случај логично прашање е зошто МВР не интервенираше дотогаш, туку токму во истиот ден кога гордоста на СДСМ, стабилниот денар отиде во неповрат. Што значи ако Коркер не ни наложеше девалвација за која, рака на срца виновна е успешната економска политика и безалтернативна програма на владеачката партија, веројатно дека за потпишување на Законот ќе се почекаше враќањето на претседателот Глигоров, а во такви услови ќе немаше потреба од манипулирање со вниманието на јавноста. Како резултат на тоа сосема е извесно дека знамињата ќе беа симнати и без пукање и без агресивности. Вака, за да се покрие неспособноста на СДСМ беше итно потребен законот, за да се донесе Законот на начин на кој беше тоа направено, нужно беше непочитувањето на Уставот, што во суштина се покажало со настаните во Тетово и Гостивар. Зошто еден драстичен предлог на меѓунационалните односи и едно убедување кај народот дека без оглед што се инсистира во подобрувањето на односите, во овој поглед, некој пак не избира форми и средства во име божем на власта и име на народот да оди до таа мера убедувајќи ги своите граѓани дека не се доволно лојални кон државата Албанците и не ги почитуваат законите дека се препорачани веќе сите форми и мерки и наметнувани сите механизми на безбедноста во непожелна и непријатна состојба, за на крај да се гордее само со кревање со големиот прст дека ете (уште една победа), а таа победа која ја смета за победа веројатно дека ќе им ја остави поклон на идните генерации што претпоставувам дека за идниот живот поинаку ќе размислуваат, за иднината на животот кои инаку ќе одлучуваат и ќе избираат други форми и методи.

Не верувам дека некогаш имало пример или да кажам просто министер дејствувал во таа форма на еден таков прилив што по мое мислење ружно ваше на јавноста и на сите нас. Но, веќе отсега суштината е јасна.

Нормално дека се инсистира да биде што повеќе од тие функционери националиста, убедувајќи ги и другите дека се во иста мера на порачката. Веќе огледалото е видливо, кој што може на оваа шака земја да се покаже по патриот, за жал тргнувајќи една темна и никогаш не успешна национална омраза која исто така и за жал во овие натпревари предначи не само партијата ВМРО ДПМНЕ туку тука ќе ги спомнам, без да бидам лоѓо разбран и Либерап-демократите а повеќе од нив владеачката партија заедно со нивните вазапи кои веќе ја осведочија нивната демагошка фигура. И не само тоа туку дел од нив дпабоко се вмешани и ги имаат пролеани рацете со крв од своите граѓани, што ги претставуваат, дури и ја надминуваат бројката на оние три мртви во Гостивар и преку 50 судски казни, преку 800 тепани, преку 100 пљачкани и малтретирани и национално увредени. Не само тоа, туку во овој миг, се увредени сите албанци кои, не верувам дека ова ќе го заборават. Но, што е поиронично и вознемирувачко, се крева процедура против градоначалникот на општина Гостивар г-дин Руфи Османи кој е застапник на интересите на граѓаните и кој во суштина ги претставуваше токму тие што го избрале. На крај не и било тешко на државата да најде три обвиненија што би можело за секој Албанец да најде, да ги обвини за да може да покрене една таква процедура како што е оваа.

Во денот кога треба да се излезе и да се говори машки, каде што е местото, доаѓа пак мајоризација на сила. Се е исценирано. Не можеш да се изјасниш. Демагогијата сепак нема крај. Божем нарачаните не се на број во салата и нема кворум. Штом нема кворум нема расправа по информација, има само годишен одмор.

Од сето досега изнесено се поставува едно друго прашање, прашањето од 2 август каде беше јавно увреден првиот човек на државата, каде јавно се злоупотреби државното знаме и каде се употребија најгрдните зборови и тоа пред првиот човек пред полицијата кој по мое убедување знае да реагира само тогаш кога се во прашање Албанците, бидејќи според него и неговата гарнитура опасни се тие што бараат рамноправност, почитување на едни со други, респект кон симболите на државата и почитување на своите национални симболи и чувства, се нарекуваат дури дестабилизатори или ја уриваат државата, суверенитетот, интегритетот. А оние други кои сосема јавно го

инкарнираат угледот на државата и претседателот на државата веројатно и не се ни опасни токму затоа што се отворени, јасни во своите видувања дури и сосема практични во нивните дела и злодела.

**ЗЕКИР КАДРИУ: (**продолжение)

Не треба многу коментар, бидејќи првиот човек на полицијата и нивните слуги се прават очи и уши само кога се во прашање албанците, или н еможат да ги предвидат или пак не сакаат кога е во прашање најголемата македонска опозиција ВМРО која како што знаеме од порано спремаше и една форма на повлекување токму на оваа партија во прв поглед за да после излезе со веќе позната партиска национална иконографија на која и предупредуваше. Прашувам каде беа тие полицајци на г-динот Чокревски, или можеби не им недостасувале бидејќи си ги оставил да ги чуваат албанците, или можеби некој од нив ги нуркал, или ја негирал опасноста од екстремистите опозиционери. Од тука се поставува прашањето ако власта има потполна контрола над надзорот, или пак опозиционата ВМРО има прст над сето тоа, инаку ако е веќе образложено комоцијата на полицајците, полицајците каде пред нивните очи се навредува се што е државно и власт, како и да е дејствувањето на првиот човек на полицијата кој се гордеел пред неколку дена за ефикасноста на своите органи кои ги поттикнува против албанците во Гостивар и Тетово во случајот по мое мислење клекна како неспособен и немоќен. Дали уште треба да се затајува во сето тоа нека биде резултат на својата свест и совест и неговата морална одговорност ако тоа веќе постои. Не случајно после сето тоа даде свој извештај и Хелсиншкиот комитет и Хелсиншката федерација за човекови права на РМ во кој како што се вели се загрижи поради однесувањето на македонските полицајци за време на неодамнешните агресивни инциденти во Гостивар и во Тетово кои и апелираат на македонската Влада да ги преиспитаат извештаите каде се вели дека полицијата била вклучена во насилнички пљачкаши и неразумни вон обемот на толеранцијата и толерантноста каде директно се вмешани тенденциозно и вандалско однесување што е спротивно на меѓународна Хелсиншка

федерација за човекови права и односи. И како поткрепа на таа констатација се наведуваат примери како екстремна сила била употребена против поединци како што не довеле, или не прекинале да даваат отпор и силата и насилството се употребува и по завршувањето на протестите. Потоа бројот уапсени и притворени биле лишени од нивните уставни права вклучувајќи  право на адвокат и биле третирани без примена за правилата за кривична процедура. Тука ќе ги наведам случаите конкретно на градоначалникот на општина Гостивар г-дин Руфи Османи, претседателот на Советот на општина Гостивар г-дин Рефит Даути и уште 50-тина што ги имам со имиња кои исто така беа казнети како во време на холокаустот и случајот да не кажам со евреите. Во Тетово исто така до крај нехумана одговорност после тоа се приведени и тепани активистите до несвест почнувајќи од секретарот на огранокот на Демократската партија на албанците, почнувајќи со имиња од г-дин Зекирија Рецепи потпретседателот на младината г-дин Арсим Синани, г-дин Афет Сека потоа братот на потпретседателот на партијата Мендух Тачи, г-дин Афет Тачи, портпаролот на партијата г-дин Фејзулаи и др. Потоа не набројувајќи во детали влегувањето на полицијата по домовите и вршење претрес без налог, земање накит, пари и други вредности и предмети што претставува повреда на законите и угледот на органите на безбедноста кои наместо да ги штитат, тие ги пљачкаат дури и со големи суми на вредност на пари и други вредности и предмети. Таквите дејствувања мислам дека треба да ги има во предвид конкретно Министерството за внатрешни работи. Ако некој сака појасни детаљи и сведоци за ова имаме преку 50 почнувајќи од тој што е пљачкан од 23.000 марки што бил вратен од Германија дури до тој што бил на- теран да го отвори сефот од страна на полицаецот и да се прегледа во касата дали има пари. Тие се доказите што претходно ги бараше со аргументи и координаторот на пратеничката група. Јас да не должам на крај за

надминување на оваа ситуација би предложил овие предлози без оглед дека сум убеден дека како и секогаш и овој пат нема ништо од тоа да се земе во предвид. За да се надмине сето ова, за да се поврати довербата јас мислам дека Владата по прв пат треба да ги земе на одговорност и да се покрене судска кривична постапка против оние кои употребиле сила и ги пречекорувале овластувањата, извршиле насилства над граѓаните во општина Тетово и Гостивар без аргументи, конкретно за тие што не излегоа воопшто од своите дворови. Имајќи предвид дека за вака сложени состојби треба да даде мислење и претседателот на државата г-дин Киро Глигоров, а како што знаеме дека тој во моментот не бил присутен, а имајќи предвид дека со доаѓањето на власт на г-динот Црвенковски вакви сценарија имало во РМ не само еден, туку преку пет-шест , тука ги спомнаа господата Бит Пазарот, Радолишта, Мала Речица, Гостивар, Тетово и јас мислам дека како морален чин треба Владата да даде оставка без оглед дека е крената инсценирана процедура за преку 50 обвинет заедно со градоначалникот на општина Гостивар без услов да се пуштат на слобода. И после тоа да започне дијалог со посредство на меѓународниот фактор за да се најде крај на сите наталожени проблеми и еднаш за секогаш да се донесе една историска спогодба по-меѓу двете најголеми националности за еден мирен и натамошен живот Секоја друга форма нас ќе не доведе во тешки и непредвидливи посл

едици кои веројатно дека не ќе можеме да излеземе на крај.

Јас уште еднаш барам ако некој од пратениците бара конкретни аргументи за тие што ги реков јас стојам зад нив, а имам доволно аргументи со име и презиме и можам да ги кажам. Но моментално не го гледам тоа за неопходно сега да ги кажувам. Тоа го реков само заради тоа што имаше реакција од одредени пратеници.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Чувствувам потреба во делот на дискусијата на г-дин Кадриу што се однесуваше на указот на законот да дадам некои појаснувања сосема кратки. Се разбира ова беше карикирана интерпретација на Уставот на г-динот Кадриу кој што не е компетентен да го толкува Уставот. Се знае кој е задолжен според Уставот во оваа држава да ја штити законитоста и да ја толкува. Според тоа, јас во моментот кога го потпишував Указот мислев дека го почитувам и Уставот Деловникот, а дали е тоа така ќе каже Уставниот суд бидејќи е покрената постапка за оцена на уставност на тој Закон што ќе биде обврска и за мене и за г-динот Кадриу и за сите пратеници во Собранието. Според тоа, врховен арбитер во овој случај дали се работи во склад со Уставот или не, е Уставниот суд. Јас тоа го разбирам и не можам да му помогнам на г-динот Кадриу како што рече тој. Според тоа ќе причекаме уште малку, постапката е покрената и Уставниот суд ќе одлучи.

Со ова листата на пријавените дискутанти е исцрпена.

Дали некој друг бара збор?

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, покрај непотребното одолговлечување на расправата ете денеска ова Собрание ќе расправа за една жешка точка што значи за Информацијата што е подготвена од страна на МВР која е денеска пред нас пратениците. Ние длабоко бевме заинтересирани за оваа Информација да се расправаше веднаш по настаните во Гостивар и Тетово, меѓутоа намерно, или ненамерно се одложи и еве расправаме денеска после годишните одмори, значи по поминување цел месец и повеќе.

Јас ќе се обидам да искажам некои од своите видувања околу оваа Информација настаните што завршија со тешки последици како дојде до

нив, предупредувањата на Партијата за демократски просперитет, намерите на Владата, пречекорувањата на надлежностите на полицијата, јавниот настап на некои опозициони партии, подгревањето на јавноста и кои беа причините што не доведоа до ова, значи кој е тој друг фактор што му помогна на МВР и за други прашања.

Информацијата на Министерството за внатрешни работи која е пред нас е доста кратка, конфузна, необјективна, па дури и цинична и провокативна. Многу работи се премолчуваат и се релативизираат на штета на албанците. Ние цениме дека интервенцијата на полицијата не беше во рамките на овластувањата и надлежностите предвидени со закон. Цениме исто така дека воопшто немаше потреба од интервенција заради фактот што пред тоа беше донесен закон со кој се регулираше употребата на знамињата на националностите, па и знамето на албанската националност во Македонија. Мислам дека од денот на изгласувањето на Предлог законот за употреба на знамињата додека влезе во парламентарна процедура па дури и додека се расправаше по него во македонската јавност се створи едно негативно расположение. Заради ваквите односи партијата на власт, односно Владата беа приморани да превземаат некој спектакуларен чекор токму на денот кога се донесе законот. Ова е типичен пример на зло- употреба на власта од страна на Партијата, македонската партија која учествува во власта. До доменот на интервенцијата на полицијата Информацијата хронолошки ги содржи настаните во Гостивар, но изостанува континуитетот после 15,30 часот затоа што не се даваат подробности покрај фактот што се знае дека пречекорувањата на можностите и бруталноста на полицијата доаѓа до израз токму после интервенцијата. Како дојде до ова? Корените треба да се по- бараат малку пошироко. Покрај долгото инсистирање на министрите и пратениците на партијата за демократски просперитет да

се изготви на Влада еден Предлог закон за знамињата и истото да влезе во собраниска процедура. Ова прашање долго време се одложуваше, а последиците се знаат. Ова може да се толкува и како забодување на нож зад грб од страна на коалициониот партнер. Кога веќе беа донесени политички одлуки за разрешување на законскиот вакум за знамињата и кога веќе се донесе закон по иницијатива на граѓаните Уставниот суд донесе одлука за симнување на знамињата за што МВР и дел од Владата пристапи со ненадејна полициска акција, а резултатите се катастрофални помеѓу националните односи.

Се подразбира дека одлуката на Уставниот суд треба да се почитува од Владата, но не се изнајдоа сите можности за поинаква постапка во Гостивар и Тетово, а не со сила. Постапката е преудицирана бидејќи воопшто не им се даде можност на градоначалниците да се известат по писмен пат дека веќе Законот за знамиња е донесен и да им се препорача рок за симнување на знамињата. Но, изгледа сценариото било поинакво. Ова нешто би го потврдила една мала дигресија. За разлика од сега за настаните во Гостивар пред некое време Владата беше толку немоќна да ја оживотворува одлуката на Уставниот суд за одржување настава на мајчин јазик односно на албански јазик на Педагошкиот факултет во Скопје, тоа веќе е сосема јасно. Една сериозна Влада најверојатно би се обврзала за полициска интервенција во димензии видени во Тетово и Гостивар ги информира своите министри во конкретниот случај министрите албанци. Но прашање е дали во тој случај ќе дојдеше до полициска интервенција. Сигурно не. Нема да допуштат министрите албанци во Владата. Тоа значи првата забелешка е дека Владата покрај фактот што во нејзиниот состав има и министри албанци не води консултации со нив, туку се одлучува на една брутална интервенција во Тетово и Гостивар атакувајќи го знамето на албанската националност што живее во Македонија. Притоа зачудуваат разните

изјави дадени од страна на некои македонски раководители дека во критичниот ден во Тетово и Гостивар бил одбранет интегритетот и суверенитетот на државата кога од пред општините се симнати во наводници знамињата на Албанија и Турција. Уште еднаш тука укажуваме дека тоа е знаме на албанската националност што живее во Македонија, а не е знаме на туѓа држава.

Втора сериозна забелешка кон Владата е тоа што дозволи ако воопшто е дозволено да се оствари една конспиративна средба меѓу премиерот и ресорниот министер, а при тоа еден дел , или целата Влада не била обавестена. Од таа средба произлегува наредбата за насилство со трагични размери и така се открива една недозволена методологија на дејствување на државата каде власта врз себе ја преземаат поединци, а не органи и државни институции. Одбегнувањето на министрите албанци пред се укажува на недовербата кон нив. Оттука се поставува прашањето зошто постои коалицијата со албанците во оваа Влада.

Се поставува прашањето дали можеше да се избегне интервенцијата на полицијата, дали постоеше друг начин на дејствување? Се разбира дека постоеше. После усвојувањето на Законот за употреба на знамиња на националностите привремената одлука на Уставниот суд требаше да биде надвор од сила.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:** (продолжение)

Градоначалниците на општините требаше по писмен пат да се известуваат за тоа со поставување на одреден рок за почитување на законот. Ние како ПДП ние бевме за почитување на Законот и апелирав тоа да се почитува од албанската националност. Но целта беше предодредена и се случи што се случи тоа во Гостивар. Сигурност може да се каже, а тоа го знаат сите албанци, дека полицијата е испратена во Гостивар со одредена цел и со однапред подготвено сценарио од да им даде последна лекција на албанците, убивајќи тројца од нив, за жал Но, некој за тоа ќе мора да сноси одговорност и ќе одговара.

Ако полицијата имала индикации дека постојат тајни документ и дека одлучила да ги симне знамињата по наредба на партијата на власт СДСМ за да добие симпатии пред гласачите, тоа можеше да го оствари поинаку, Ќе одеше во раните утрински часови да ги симне знамињата како и што направи, но немаше да остане преку цел ден пред зградите на општините на Гостивар и Тетово, за да ги провоцира албанските граѓани, поставувајќи ешалони на специјално наоружани полицајци. Значи, сакаше да демонстрира сила.

Не треба да се убедиме дека народот во Гостивар тој ден беше собран на мирен начин да протестира, што е дозволен о со соодветниот закон, кој е усвоен во овој Парламент. Меѓутоа, Министерството за внатрешни работи ја увиде дека нема да ја постигне однапред одреден цел, ги вклучува своите соработници во толпата за да наводно ја провоцира полицијата, за да таа има претек и порите во интервенирањето кое заврши со трагични последици.

Дали албанците во Македонија се навистина дежурни кривци за сите тешкотии на оваа млада држава. Не беше ли доволно покрај Бит Пазар, Радолишта, Мала Речица, да се употреби без доволна причина полициска сила во Гостивар. Кога албанците не ја почитуваат Одлуката на Уставниот суд, тие се малтретираат, се тепаат на агресивен начин, се убиваат како што беше случајот во Гостивар.

За сите зло дела на полицијата во Тетово и Гостивар, а посебно во Гостивар, наместо да се кажуваат кривците од редовите на полицијата највисоките функционери на државата ода во Гостивар за да ги одобруваат таквите постапки и да ги наградуваат истите. Во конкретниов случај премиерот и ресорниот министер во Гостивар ја поставија бруталноста на полицијата во недозволената употреба на сила, која заврши трагично по албанците. Дали овие функционери ќе постапуваат така да беа во прашање македонците, тоа им е јасно на с] Но од страна на Владата кога се во прашање албанците, насилството е теророт се оправдани меготи за дејствување и истите се одобрувaa1 За жал и од носителите на државните и партиските функционери. Во едно Министерство како што е полицијата дејствува прекриено од останатиот дел на Владата, тоа значи дека таа е надвор од нејзината кон трола. Тоа е толку очигледно, што веќе не може да се прикрие и од надворешните фактори. Така во Декларацијата на ЕУ се укажува дека Владата на РМ треба да има поголема контрола на Министерството за внатрешни работи, скоро истите забелешки ги имаат и другите меѓународни институции.

Да не продолжувам повеќе, да не ги повторувам некои работи што ги истакнаа од оваа говорница што ги искажаа моите колеги пратеници, јас ќе се обидам за заклучам.

Македонската јавност веќе веднаш треба да сфатите колку зло направи Полицијата врз недолжните граѓани албански. Колку луѓе беа истепани без никаква причина, колку беа приведени од улица, од своите дуќани без никаков повод, од своите домови во ноќните часови пред нивните членови на семејството, пред децата. Земени и малтретирани пред нивните очи во одделни случаеви и опљачкани. Резултатот на 500 повредени граѓани, околу 200 сместени по болници и за жал три жртви. Има сведочење дека Полицијата од болници прибирала податоци за повредените, ги приведува во тешка здравствена состојба и ги префрлале во суд каде по кратка постапка судот ги осудувал. За овие настани во Гостивар, сум имал и многу контакти со Македонци, било од Тетово или Гостивар. Полицијата да ја стави ситуацијата под контрола. Кога полицаецот има палка врака, недолжниот граѓанин или неспособниот граѓанин кој истепан, покрај тоа што ја има палката, може да го истепа, туку тој го удира и со клоци. Тоа го имаме во разни ТВ куки, го имаме во сите тие касети. Кога тој ти се предава без никакво оружје во џеб или без никаков отпор, значи полицаецот да го малтретира до тој степен или да го тепа до тој степен што не може и има со недели, со месеци луѓе кои не се оправени. Оваа пост ка на полицијата не е само во Гостивар, ова му се случувало низ секојдневието на патиштата на РМ каде и да одиме. Тие ги пречекоруваат овластувањата каде и да се. Само што ќе ти види лична карта и возачка дозвола, или било што друго дека имаш албанско или муслиманско име, тоа богами нема лесно да појдеш, или со казна, и со предупредување дека немој уште еднаш, удри му една клоца, удриму еден шамар, значи, не знам колку има контрола врз тие полицајци.

Тоа што се случи во Гостивар во никој случај не може да и служи на чест на оваа државата, ниту на нејзините раководни луѓе на македонскиот народ воопшто. Настаните во Гостивар и пошироко ќе има длабоки неискоренливи и тешки последици за угледот на Македонија по демократските процеси, по меѓународните односи и по заедничкиот живот на овие простори. Треба нешто паметно да се чини во иднина во интерес на сите што живеат тука како што јазот е длабок и непремостлив.

Во овој Парламент донесовме Декларација за толеранција, меѓусебно разбирање и почитување. После интервенцијата на полицијата веќе не остана ништо од таа Декларација. Додека меѓунационалните односи се сведени на нула. За оваа состојба што денес ја има во Македонија, покрај разните оправдување на челните луѓе во државава од неопходноста на акцијата која цимички се оценува како успешна, не ги амнестира истите најмалку од моралната одговорност пред националната, односно пред албанската националност.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ;**

За збор се јави г-дин Јован Лазаров.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Почитуван претседателе , почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

На дневен ред имаме сериозна точка за еден уште посериозен настан. Информацијата е таква како што на овој настан гледа Министерството за внатрешни работи, но зад истата стои Владата. Од моја гледна точка овој настан треба да го заборавиме што побргу и да посакаме никогаш да не се повтори во било кое местово нашата држава.

По изборите во 1994 година помислив дека времето на национализмот и екстремизмот е минато, но еве набрзо овие настани и тие кои претходеа на овој настан го кажаа спротивното. Помислев дека времето на големите македонци и големите албанци е минато, но еве и ден денеска таквите постојат. За мене многу невкусно и веројатно н« сакаат тоа да делува и застрашувачки беа младите албанци во Тетово на Конгресот на една партија во црни униформи. Тоа според мене ВОДЈ кон формирање на параобезбедување, кое што понатаму кќ доведе до п« полиција и на крај до паравојска.

Национализмот и екстремизмот од секогаш биле страни за мене и за моето семејство, од секогаш сум се залагал за добро мегунационални односи. Живеам во населба со мешан национален состав, водам спортска екипа во која што повеќе од 50% од членовите не се македонци по рот туку од сите националности што живеат во Македонија. Ќе пот сетам само на една моја дискусија овде, од оваа говорница кога се работеше за Законот за Педагошкиот факултет и тогаш реков дека ние како пратеници и како граѓани на оваа држава треба да бегаме од два? екстрема кога се работи за меѓунационалните односи. Едниот е гетоизација, а другиот е асимилацијата на било кој национален колективитет Секогаш треба да се трудиме да бидеме некаде во средина, односно да се залагаме за сожителство. Тогаш реков дека толку се одвојуваме што не сакаме да имаме ништо заедничко, па дури и физичко воспитува Реков дека ќе бидам среќен кога од оваа говорница ќе слушам некој колега од албанска националност, пратеник кога ќе каже дека не подложува некое законко решение, бидејќи тоа води кон гетоизација на албанската националност. За жал тоа сеуште не се случило, веројатно и не сме имале таков закон, со такво некое решение.

Почитувани пратеници, граѓанските права и правата на националностите не се даваат, ни одземаат. Тие се следуваат и се уредува. со Уставот и со законите. А за нив постојат и меѓународни стандарди Ме радуваат вестите, кои во последно време стигаат од врвните раководители на социјалистичката партија на Албанија, кои што се сега и врвни раководители на Република Албанија, партија со која што нашата партија веќе 7 години успешно соработува, изјави кои што доликуваат на социјалистите од Европа. Еве, денеска можевме да прочитаме од премиерот дека Владата на Албанија дека нема да ги поддржува екстремните партии во РМ. Со задоволство ја слушнав и изјавата на министерот за надворешни работи кого лично го познавам г-динот Паскал Мило дека во поглед на албанците во соседните држави Албанија ќе води Европска политика односно судбината на сите албанци е Обединета Европа. Тука сме пдо еднакви и иднината на сите македонци е исто така Обединета Европа. Така што сите албанци и сите македонци можат да живеат во една држава само ако е тоа Обединета Европа.

Од овој настан и од настаните слични на него, Македонија трпи големи економски штети, бидејќи Македонија сеуште е ризично подрачје за странски вложувања. Кога се работи за интервенцијата на полицијата најдобро ќе беше ако полицијата не интервенираше, се разбира и ако немаше зошто да интервенира и врз кого да интервенира. Ако немаше толпа луѓе, ако немаше спремни молотови коктели и ако немаше рафали испукани спрема неа. Убаво рече овде еден пратеник дека дал! до ова можеше да дојде и дали тоа можеше да се избегне. Можеше до ова да не дојде само ако немаше зошто да се интервенира. Полицијата мора да делува согласно Уставот и законите, независно од тоа дали се работи за македонцки, албанци или било која националност која без оглед дали се работи за Струмица,Радовиш, Бит Пазар, Горче Петров, Гостивар итн.

Полицијата не смее да ја употреби својата сила, но исто така и граѓанинот треба да ја знае границата до која може "да комуницира" со Полицијата. Граѓанинот има право на јавен протест, но тој јавен протест не смее да го наруши јавниот ред и мир.

Позитивно е и што од оваа говорница денеска чувме дека толпа била подгреана и заведена од одредена политичка партија. Овде многу се зборуваше за пречекорување на овластувањето на Полицијата. Верува дека Министерството за внатрешни работи прави темелна анализа за тоа и доколку постојат пречекорувања, убеден сум дека таа ќе ги преземе сите свои мерки. Немам ништо против и да се формира анкетна парламентарна комисија, која од свој аспект ќе изврши анализа за тоа дали постоеле пречекорувања на овластувањата.

За крај сакам да истакнам дека демократските и прогресивните сили се тие кои секогаш воделе кон прогрес и останува на демократските сили меѓу македонците и албанците да придонесат вакви случаи никогаш да не се повторат.

**ТИТО ПЕТКВОСКИ:**

Ве молам,да видиме, кој покрај Сулејмани, Харуни и Ајдарага се јавува за збор, па да се договориме како ќе работиме. Се јави г-дин Стојановски.

Дали има некој друг?

Значи, имаме уште 5 пријавени за дискусија.

Дали се согласувате да ја апсолвираме оваа точка вечерва да завршиме, да ги ислушаме овие петмина пратеници. Ако се уште петтмина пратеници што сакаат да учествуваат во расправа, јас предлагам да завршиме вечерва, па утре да продолжиме со другите точки. Вие знаете дека имаме уште дваесетина точки на дневниот ред од оваа седница.

За збор се јави г-дин Сулејмани:

**РИЗВАН СЛ1ЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас од ова што се случува до сега добивам две убедувања. Едното е, или господата пратеници од две најголеми партии, едната од позицијата и една од опозицијата конечно потклекнуваат по аргументите како што правата и боговите пред вистината, или овде ни се случува да зборуваат немиот со глувиот.

Мислам дека денешната точка поставена на дневен ред и те како треба да не заинтересира, затоа што продира во една многу чувствителна сфера на нашето живеење. Јас искрено да ви кажам , не сакам да ве малтретирам, но чувствувам за потреба, но сепак да кажам нешто од моите размислувања за се она што се случува односно што се случи на 9 јули 1997 година. Не би сакал многу да се задржам само за 9 јули, затоа што мислам 9 јули имаше своја увертира, имаше своја подготовка имаше свој настан, а веројатно сигурно ќе ги има и своите последици.

Јас мислам дека сите ние имавме доволно сигнали дека нешто страшно се случува во РМ. Сето тоа требаше нашата свест да ја повод да размислува. И не само нашта политичка, туку интелектуалната и научната свест. За тоа имавме доволно докази. Имавме научно истражување кое кажуваше дека длабоко и многу е отруена македонската млади Докажаа дека 38% од македонците нација која најмногу ја мрзат во РМ во Светот е Албанската нација. Сето тоа кое стоеше во главите на тие млади луѓе, тие и јавно го искажаа со паролите на улиците на Скопје. Ни тоа не беше доволно, ние сериозно да размислиме што ни се случува и кон каде води РМ.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ: (Продолжение**)

Зар тоа не требаше да биде доволен доказ дека навистина нешто страшно и матна иднина не чека. И, што се случи, најстрашното. Кога сето што беше во главите, кога ни се прикажа преку пароли за убивање, за гасни комори им се даде оружје и тие ја покажаа и вистинските последици од таквите убедувања. За жал, тие така што размислуваа дојдоа и до оружјето, дојдоа и до моќта, дојдоа и до силата. И, пак ние сме индиферентни, не сакаме да учествуваме во расправата, не сакаме да кажеме и да бараме решение за ова штп ни се случува во РМ. И наместо тоа, сакаме да се задоволиме со една штура информација која ни се нуди за она што ни се случуваше на 9 јули 19 97 година. Таа информација никого не може да убеди дека тоа што се случи и што се случуваше и мораше, нигде не стои кои се причините, нигде не стои што е целта, и нигде не стои кои се последиците. Мислам дека оваа работа треба да не загрижува.

Дали може да се прифати како добар аргумент во информацијата дека полицијата морала да интервенира затоа што постоела опасност по таа полиција и кој е доказот дека во Западна Македонија ни се случува сецесија, ни се случува поделба. Во информацијата стои дека таа цела армија која требала тоа да го спроведе, се состоела во 3 пиштоли и ништо повеќе. И беа покажани неколку т.н. молотови коктели, за кои и ден денес не знаеме кои беа тие граѓани, два граѓани на Република Албанија кои што беа фатени со тие коктели. Дали РМ интервенираше при Владата на Република Македонија кои беа целите.

Дали зад тие двајца стои Владата на Република Албанија. Дали го кажа судот овластениот орган, за тоа дека се тие виновни или не се. Дали треба ние да се задоволуваме само со полициски извештаи и да велиме дека информацијата е прифатлива. Не, господо пратеници. Нас ни се случува нешто страшно, дека една огромна моќ сконцентрирана кај еден човек, без никаква цивилна контрола како што е Парламентот, без никаква можност на јавноста да осознае што се случува таму е опасност за сите нас. Такви случаи се случувале и во подемократски земји на овој свет. Имаше случаи кога се водеше еднаш неправедна војна во Виетнам. Ја водеше еднашс од најдемократските земји во светот. Постои доказ во едно село т.н. Махаја еднаш чета војници американци влегоа со задача да ги отстранат сите фрлени елементи, ама сите војници во тоа село, и што се случува и таа чета убива се по ред, млади, жени, деца, старци и, сите потоа почнуваат да анализираат.

Што е она што се случуваше тој ден во тоа село? Кај беше свеста на поединецот на тој војник кој си даде за право да убива со по ред и на крај да го запали селото. Каде беше командирот на таа чета. Зашто кај него не прорадботи свеста. Каде беше командантот кој што командуваше со таа операција, каде беше администрацијата на држава Америка, каде беше јавноста, каде беше политиката. Што затаи во тој момент што се случи масакр.

Истото нас денеска ни се случува. И истото пак ни се случува, затајува јавноста, затајува науката, затајува власта, затајува политиката. И со едно молчење ќе прифатиме се ова да ни случува и никого да не загрижува.

Господа пратеници, едно време еден голем научник го прашуваат, дали човекот може да биде жртва на сопствениот изум, како што е компјутерот или слична машинерија за убиваше како што ние проектираме. Тој од прилика одговара вака. Да, вика човекот ја откри атомската бомба до денеска најголем непријател на човештвото е токму тој негов изум, атомската бомба. А, тоа се докажа и кај нас. Тој истиот изум, таа иста машинерија за убивање која треба да се усмерува за каде, треба да се цели, затаи. Затаи во моментот кога едно државно знаме беше до крај угнетено. И, тоа не профункционира. И, тогаш сите тие кои што даваа признание за ефикасноста на таа машинерија беа тука и понижени до крај, а таа машинерија не проработи. Тотално изумре. Зошто? Затоа што тој што требаше да управува со таа машина беше набината. Како да ја немаше. Зар не ја гледаме опасноста од таквата машинерија што јас градиме во цивилизираниот свет, благодарение и нашата парламентарна група учествува во школување во Гарниш Паркер Кихер каде првенствено ни се дава и значење на цивилната контрола на силата на моќта, на оружените сили и на полицијата.

Кога нашиот министер дошол пред Парламентот и се изразил која е матичната комисија, што кажа, и кога учествува. Кога овие работи ги кажувавме на тие луѓе, професори, тие се чудат, каде живеете, викаат. Како е можно министерот за одбрана или министерот за внатрешни работи да не се појавува макар еднаш пред Парламентот или пред матичната комисија за да каже што се случува. Нас ни се случуваат секакви работи, ние молчиме и понатака молчиме. Ова не смее да се дозволи.

Денеска сме ние позиција, денеска сме ние управувачи на таа машина, утре можеме да биде жртви. И од таа позиција треба да ги гледаме работите.

Ние денеска како никогаш досега треба да ја побудиме јавноста, размислувањата на интелектуалците, на науката, на политиката, на одговорните лица, дали со последниот потез господинот министер кога си даде за право за оваа акција никого да не го консултира, буквално не се најде Албанец во РМ кој може да се запраша макар и за идеја што да се направи во оваа ситуација. Дали конечно не се поделивме на вие и ние. Дали до крај не ги депримиравме сите тие прогресивни сили кои мислеа дека иднината на РМ сепак е во толеранција, во разбирање, во договарање, во заемно почитување. Ние мислам дека со овој потез длабоко ги закопавме тие идеи. И напротив ќе им дадеме шанса на сите други кои ниту имаат смисла, ниту кондиција, волја, сите отворени проблеми да ги решаваат на тој начин на кој што ние во Парламентот одлучивме. Ја донесовме нашата Резолуцикја.

Дали за оваа работа не треба да реагираме. Зар не гледаме дека сите околу нас реагираат. Реагира "Ауди", реагира туристичкото лето, иако министерот за култура даде 600 илјади ДЕМ да организира во Охрид добар престој на странците, никој ен доаѓа. Реагира ЕЗ, реагира Бутрос Гали и ние како ништо да не се случува. И се преку преоѓаме и како ништо да не ни се случува. Качени сем во еден брод без кормилар. И, уште се чувствуваме комотно.

Мислам дека за сета оваа работа што ни случува денес некој мора да поднесе оставка. Со ова ја откопуваме иднината на РМ.

До крај ги депримиравме сите оние сите тие прогресивни сили, не им даваме шанса. Треба на итно да се отвори процес на трансформација на таа машинерија наречена полиција на РМ. Да се овозможи јавноста да осознае што се случува во тоа Министерство, затоа што огромна моќ и во право е г-динот министер кога вика ако јас поднесам оставка цел систем ќе пропадне. Па ќе пропадне затоа што располага со огромна моќ и сила. Со 20 илјади вооружени луѓе. И се може да сруши со тие 20 илјади луѓе, ако ние не обезбедиме механизми, цивилна контрола на таа огромна моќ. И пак немаме одговорност, и пак никој не се чувствува одговорен.

Јас мислам дека денеска како никогаш досега треба да почувствуваме одговорност, а првенствено треба да се чувствува одговорен министерот затоа што си дозволи себе си да се најде на таква огромна машинерија која бара само команди да уништува, да упропастува луѓе. Не смееме понатаму. Мораме да ги отвориме правите демократски процеси, а мислам дека првенствениот, првиот потез за тоа, за да можат да се отворат тие процеси е токму да се поднесе оставка, да се почне со реформи во МВР да се направат напори да се воспостават сите цивилни механизми на контрола на полицијата и војската. Во тоа е иднината на РМ.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи уште двајца пратеници се пријавија, јас предлага сепак да прекинеме овде, да продолжиме утре во 10,00 часот, со една молба пред почетокот на седницата се носевме со идеја да предложиме да ограничиме дискусија на по 15 минути и едно јавување.

Но, се разбира, тоа не го изгласавме, не го ни предложивме, но со намера да бидеме поефикасни. И, јас уште еднаш ве молам, прво, навистина да бидеме експедитивни, да бидеме кратки, за да можеме да завршиме со оваа седница и пред се ве молам д бидеме точни, утре во 10,00 часот, за да можеме и да работиме во нормални услови. Еве, да работиме до 10,00 до 17,00 часот. Меѓутоа, да почнеме во 10,00 часот.

(Некои од пратениците поставува прашаше зошто денес работеле до 19,00 часот)

Затоа што почнавме во 15,00 часот.

(Пратеник прашува кој е виновен)

Па кој, па кој е, пратениците што не дојдоа на време.

Утре, ве молам, почетокот е во 10,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 19,00 часот)